Димитар ДИМЕСКИ

# ПОДВИГОТ НА КИРЕ ГАВРИЛОВСКИ-ЈАНЕ И КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ-КОЛЕ, 1944 ГОДИНА*)

Преспанското советување на ЦК КПМ од август 1943 година[1] претставува пресвртен настан за втемелување на македонската државност.[2] Со Преспанското советување широко е раскрилена долготрајната македонска државнотворна дејност. Нејзиниот интензитет рапидно расте со Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ (октомври 1943 год.), историските одлуки на Второто заседание на АВНОЈ и формирањето на

---

*). Опширна верзија на рефератот поднесен на Научниот собир „Прилеп и Прилепско во НОВ, 1944/45 год." на 15 март 1983 година.

1. Меѓутоа, Вл. Ивановски го сведува на состанок на ЦК. Покрај тоа, кај авторот е присутна бледа претстава за реалното значење на споменатиов настан.

Види: Д-р Владо А. Ивановски, Ослободителната борба во Западна Македонија (1941—44), ИНИ, Скопје, 1973, 146—147.

Од спомените на Страхил Гигов е видливо дека не станува збор за некаков состанок, туку за вистинско советување што започнало на 2 август 1943 година. Во нив, меѓу другото, се истакнува:

„Покрај членовите на ЦК КПМ-Кузман Јосифовски-Питу, Цветко Узуновски и јас (Страхил Гигов, б.н), беше присутен и инструкторот на ЦК на КПЈ, Добривое Радосавлевиќ-Боби, како и поголем број партиски и воени работници од теренот и од воените единици: команданти, политички комесари, секретари на партиските организации и др. Вкупниот број на присутните изнесуваше околу 30 до 35 души". (Страхил Гигов, Сеќавања, Наша книга, s.a. /1975/, 288).

Состанок на ЦК-КПМ е одржан дури на 4 август, овојпат во присуство на Темпо, при што биле сакнкционирани одлуките на Преспанското советување. (Види: Страхил Гигов, op. cit., 293-294).

2. Александар Т. Христов, Создавање на македонската држава (1893-1945), Скопје, 1971, 320—322;

Страхил Гигов, op. cit., 288—293.

Иницијативниот одбор за свикување на I заседание на АСНОМ, достигнувајќи го својот апогеј на Првото заседание на АСНОМ.[3]

Во екот на познатата Пролетна офанзива, а непосредно во врска со засилените подготовки за I заседание на АСНОМ, во Прилеп се одигра саможртвената драма на Кире Гаврилоски-Јане и Круме Волнароски-Коле. Нивниот бестрашен подвиг[4] ја разбранува прилепската јавност и силно ја растревожи бугарската окупаторска власт. Заплашена од разговорот на народноослободителната борба, а со цел да ги ублажи ефектите од евидентниот хероизам на младите македонски револуционери, бугарската окупаторска власт, во дните на својата лебедова песна, презеде одмазничко-застрашувачка, репресивна акција против прогресивната прилепска младина. Меѓутоа, со тоа само го зголеми приливот на нови борци во ослободителното движење и ја зацврсти нивната верба во скорешна победа.[5]

Завршните подготовки за одржување на Првото заседание на АСНОМ започнаа со писмото на Иницијативниот одбор на АСНОМ од 14 март 1944 година[6], кое беше поткрепено со истовременото директивно писмо на ЦК КПМ, — адресирано до обласните комитети.[7]

Во новата административна поделба, прилепскиот округ е еден од 12те македонски окрузи. Прилепскиот округ ги опфати прилепската, бродската и крушевската околија. Во спомена-

---

3. Cf. Д-р Миле Тодоровски, Партизанските одреди и Народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и револуцијата, ИНИ, Скопје, 1972, 247;

А. Христов, op. cit., 323—371.

4. Нивниот подвиг, доколку се апстрахираме од констелацијата и временската дистанца, фрапантно потсетува на саможртвениот чин на Гавазов и Чемков што се одиграл пред половина век, на 5 јуни 1899 година во истиот револуционерен град Прилеп. Тоа, евидентно, уште еднаш ја потенцира животворноста на револуционерната традиција на македонскиот народ.

Cf. Д. Димески, Подвизите на Лазов, Чемков и Гавазов во Прилеп, 1899 година, — Зборник на трудови на ДНУ — Прилеп, 1979, 137—142.

5. Секако, за тоа најмногу придонесла, покрај борбените успеси на ослободителното движење, јасно зацртаната перспектива со Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ од октомври 1943 година, документите за свикување на АСНОМ и Првомајскиот проглас на ЦК КПМ до македонскиот народ од 1944 година.

Види: Зборник на документи АСНОМ (1944—1964), ИНИ, Скопје, 1964, 68—79; 96—106;

Проглас на ЦК КПМ до македонскиот народ (1 мај 1944 г.), — Извори за Ослободителната војна и револуцијата во Македонија, ИНИ, Скопје, 1970, т. I, кн. 3, 225—234.

6. Зборник на документи АСНОМ . . . , 96—101.

7. Директивно писмо на ЦК—КПМ до сите обласни комитети на КП во Македонија (14 март 1944 год.)
— Извори . . . , т. I, кн. 3, 175—182.

тото директивно писмо од 14 март 1944 година е предвидено Прилеп да избере 4 делегати за I заседание на АСНОМ и тоа: двајца од градот и двајца од околијата.[8] Меѓутоа, во писмото на ЦК КПМ од 2 април 1944 година, упатено од обласните комитети, е заземен пофлексибилен став во однос на бројот на избираните делегати за АСНОМ.[9]

Прилепскиот околиски комитет на КПМ ја играше улогата на координатор на сите акции сврзани со организацијата на народната власт и со изборите на делегати за I заседание на АСНОМ — во поширокиот прилепски регион. Месниот комитет на КПМ имаше слична улога во градот Прилеп.[10] За разгранетата дејност на Прилепскиот околиски комитет на КПМ најдобро сведочи фактот дека во прилепскиот регион на 20 април 1944 година веќе функционираа 23 селски НОК(НОО).[11]

Кон крајот на 1943 година Прилепскиот околиски комитет на КПМ ја подели прилепската околија (шифра: 51) на 7 реони.[12] Во текот на зимските месеци на 1944 година никнаа сите седум реонски комитети на КПМ во прилепскиот регион.[13].

Во пролетта 1944 година беа избрани делегати за I заседание на АСНОМ од прилепскиот регион.[14] Кире Гаврилоски-Јане, како член на II Обласен комитет на КПМ, беше одговорен по партиска линија, за прилепскиот округ[15], што само по себе ја потенцира Јаневата улога при изборот на делегати за I заседание на АСНОМ[16]. Кон крајот на април 1944 година Кире Гаврилоски посочува тројца „најголеми авторитети" од Бродско и Прилепско како можни делегати за АСНОМ: Генадие Леш-

---

8. Ibidem.

9. „... Дајте предлози за нови луѓе, кои израснале во денешната НОБ. Бројот не игра улога, испратете што повеќе можете". (Писмо од ЦК КПМ до обласните комитети на КПМ од 2 април 1944 година, — Извори..., т. I, кн. 3, 202—204).

10. Овде не можеме поопстојно да се задржиме, бидејќи дејноста на партиските тела е предмет на друга тема.

11. Извештај на Благоја Талески, секретар на Вториот обласен комитет на КПМ, до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија — од 4 мај 1944 год., — Извори за Ослободителната војна и револуцијата во Македонија, Скопје, 1975, т. I, кн. 4, 327.

12. Извештај на Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет, до ЦК КПМ — од 20 јануари 1944 година, — Извори..., т. I, кн. 4, 182.

13. Cf.
Извештај на Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет, до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија од 12—17 март 1944 година, — Извори..., т. I, кн. 4, 271—273.

14. Прашањето за избор на делегати за АСНОМ се наоѓа надвор од нашата тема. Поради тоа, ќе се осврнеме само на изборот на оние делегати, чија дејност се докоснува до третираниот настан.

15. Извештај на Благоја Талески.. до Добривое Радосавлевиќ — од 4 мај 1944, — Извори..., т. I, кн. 4, 327.

16. Cf.

ко (Бродски) од с. Дреново, Бродско; Милан Стефановски (Подземски) од с. Десово, Прилепско и Ристе Чапкуноски (Македонски), пензиониран учител од с. Тополчани, Прилепско. Притоа презентира позитивни карактеристики за нивната дотогашна дејност.[17] Секако, предлозите за спомнатите тројца делегати најпрво беа потврдени од реонските комитети (VII, II и V), а потоа и од Прилепскиот околиски комитет.[18] Така, познато е дека во м. април VII реонски комитет одржа седница во с. Ропотово во присуство на секретарот на Околискиот комитет, Круме Волнароски, при што стана збор за избор на делегати за АСНОМ.[19] Покрај споменатите тројца, за делегати на АСНОМ од поширокиот прилепски регион бел предвидени уште Љубе Тренески-Соколот од с. Ропотово( (VII реон)[20] и Методија Апостолоски од с. Забрчани (II реон).[21]

---

Извештај на Киро Гаврилоски, член на Вториот обласен комитет на КПМ, до Благоја Талески, секретар на Вториот обласен комитет — од 28 април 1944; — Извори..., т. I, кн. 310—314;

Извештај на Киро Гаврилоски... од 1 мај 1944, Извори..., I/4, 321—323.

Горната констатација за Кире Гаврилоски ни најмалку не го намалува клучното значење на партиските тела (II обласен комитет, околиските комитети: прилепски и крушевски, месните комитети — прилепски и крушевски, реонските комитети), како и на органите на народната власт (НОО) во врска со изборите на делегати за АСНОМ.

17. Извештај на Киро Гаврилоски.., од 28 април 1944 г.,
— Извори.., I/4, 310—313.

18. Cf.

Исказ на Димче Јованоски-Дабовски сн. на магн. лента на 30 декември 1981 год., — Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

Дабовски истакнува дека на седницата на Околискиот комитет биле предвидени за делегати од околијата петмина активисти (споменатите тројца, Љубе Тренески и Методија Апостолоски).

19. Прилеп, 1944. Календар на поважните настани.
— в. Народен глас, јубилејно издание, Прилеп, 1964, 8.

20. Стенографски белешки од состанокот на учесниците во Народната револуција од бившата прилепска околија — одржан на 1—3 ноември 1956 год. во Прилеп. (Љубе Тренески), — Скопје, декември 1956, ракопис, ИНИ Скопје, 244.

Прилеп и Прилепско низ историјата, ИНИ, Скопје, 1972, кн. 2, 263.

21. Благоја Талески-Коце Солунски, Прилепска хроника НОБ, Прилеп, 1982, 329; Исказ на Методија Апостолоски сн. на магн. лента на 30. 12. 1981 г., — Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ-Прилеп.

Потребно е да се истакне дека од петмината предложени делегати само Ристе Чапкуноски не е споменат во Пофалницата на Прилепскиот околиски комитет од 5 март 1944 година.

Види: Пофалба на Срескиот (Околиски) комитет на КПМ—Прилеп од 5 март 1944 год, — на активистите на НОД на прилепска околија за укажаната помош на Првата МКУБ, — Зборник докумената и података о НОР југословенских народа, ВИИ-ЈНА, Београд, 1954, т. VII, књ. 3, 25.

Во ова доба, ни бугарските владеачки кругови не седеа со скрстени раце. Тие се обидоа да ги парализираат претстојните подготовки за АСНОМ преку лансирање на идејата за избор на „народни“ претставници од Македонија во Бугарското собрание, како и на можни „македонски“ министри во бугарската влада.[22] Оттаму резултира познатата мартовска турнеја на бугарскиот министер за правосудство, д-р Константин Партов, на самиот македонски терен. Партов, меѓу другото, ја посети и Битола. Тој таму пристигна на 10 март 1944 година, придружен од Димитар Чкартов. Меѓутоа, Партовата мисија не ги оправда

---

Ристо Спасески Чапкуноски (Македонски) познат и како Ристо Даскалот, бил прогресивна личност. Тоа проличува и од неговата поезија. Во својата творба „Песма 60 годишњег Македонца о Македонији“ од 22 март 1942 година (препис во ракопис кај Перо Ликовски), меѓу другото, апелира:

„... Сад је дошло време за слободу
.... Свуда позив војни наредите
и савет свој народу оставите
што га дели на страну да остави
југословенско братство да оствари
и тако сложно у борби да пође
против свог вековног душманина
.... Ратоборном трубом затрубите
војни бајрак високо уздигните
војни бајрак радничко сељачки
па на народ апел учините
сваки сабљу оштру да припаше
и о раме пушку мајзерову
па у гору јуначки да пође
другу Титу под крило да дође
партизански борбу да поведе“.

Ристо Спасески, кој учителствувал во Подунавјето во периодот меѓу двете светски војни, бил, (според усното кажување на син му Раде Спасески, с. Тополчани, јануари 1983 год.) — предвреме пензиониран уште во 1933 година, поради својата прогресивна дејност.

Карактеристично е дека Ристо Спасески во времето кога ја испеал споменатава песна (1942 г.) не бил организиран.

На неговите творби напишани на македонски јазик поопстојно се осврнува д-р Блаже Ристовски.

22. Cf.

Извештај на Благоја Талески, секретар на II областен комитет на КПМ, до ЦК КПМ, од 15 мај 1944 год., — Извори..., I/4, 350.

Нешто порано, оваа смислено подготвувана бугарска парламентарна фарса остро ја жигосува и Кузман Јосифоски — Питу. Cf. А. Христов, К. Јосифоски-Питу во изградувањето на државно-правната концепција на Македонија во текот на НОВ, Зб. Прилеп и Прилепско во НОВ 1943, Култура, Скопје, 1981, I, 99.

бугарските надежи.[23] Освен тоа, очајни беа и резултатите од роварењата на пробугарската група Чкартов-Ѓузелов и на Ванчо михајловистите.[24] Сето тоа евидентно укажуваше на скорешниот крах на бугарската фашистичка политика и на нејзините лакеи во Македонија, како и на неизбежната победа на македонското народноослободително движење во рамките на социјалистичката револуција на југословенските народи и народности.

На прагот на Пролетната офанзива бугарската влада донесе одлука со која официјално ги пренесе од полицијата на армијата прерогативите сврзани за организирањето на борбата против македонското народноослободително движење.[25] Со тоа, таа, не само што ја призна својата немоќ, туку, и, де факто, ги потврди широките размери на македонската ослободителна борба.[26] Споменатава одлука беше проследена со наредбите на бугарските министри за внатрешни работи и за просвета, чија острица беше вперена против македонското ослободително движење.[27]

Во ваква атмосфера, една година пред конечната победа над фашизмот, се одигра трагичниот мајски настан.

Уште во втората половина на м. април 1944 година, во предвечерјето на Пролетната офанзива, во Прилеп зачестија репресалиите на бугарската полиција врз прилепските граѓани. Меѓутоа, тоа ни најмалку не го намали интензитетот на парти-

---

23. Cf.

Извештај на Благоја Талески, секретар на Вториот областен комитет, до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија од 12—17 март 1944 год., — Извори..., I/4, 271;

Извештај на Б. Талески... до Д. Радосавлевиќ, од 5 април 1944, — Извори..., I/4, 285.

24. За интригрантските роварења на чкатровистите и в. михајловистите во Прилеп види:

Извештај на Бл. Талески, секретар на I² областен комитет, до ЦК КПМ, од 5 март 1944, — Извори..., I/4, 248—249;

Извештај на Киро Гаврилоски, член на II областен комитет на КПМ, до Благоја Талески, секретар на II областен комитет, од 28 април 1944, — Извори..., I/4, 311.

25. Одлуката беше донесена на 28 април 1944 година.

(Прилеп, 1944, Календар на поважните настани, в. Народен глас, јубилејно издание, Прилеп, 1964, 9).

26. „Ова значеше јавно признавање дека востанието во Македонија зема широки размери, при сѐ што војската од првиот ден на окупацијата заедно со полицијата учествуваше во задушувањето на востанието". (Историја на македонскиот народ, ИНИ-НИП „Н. Македонија", Скопје, 1969, кн. 3, 404).

27. Cf.

Прилеп, 1944. Календар на поважните настани,
в. Народен глас, јубилејно изд., Прилеп. 1964, 9;

Благоја Талески-Коце Солунски, Прилепска хроника НОБ, Прилеп, 1982, 329.

ската дејност во градот.[28] Тие денови посебно дојде до израз активноста на Кире Гаврилоски-Јане.[29] Изборите и испраќањето на делегати за АСНОМ секако беа една од неговите тогашни основни преокупации. Најпрво беше предвидено делегатите за АСНОМ од прилепскиот регион да заминат најдоцна до 6 мај 1944 година.[30] Меѓутоа, тргнувањето на делегатите е малку пролонгирано поради Пролетната офанзива, како и поради задоцнетото одобрение од Повереноството на ЦК КПМ во Скопје.[31]

Откако доби благопријатни вести, Кире Гаврилоски-Јане ги повика избраните делегати за АСНОМ од поширокиот прилепски регион на средба во Прилеп.[32] Од нив, во Прилеп на 8

---

28. „Полицијата бесни, фаќа, претепува итн., но се е залудно, работата уште поарно продолжува" (Писмо од Киро Гаврилоски, член на II областен комитет на КПМ, до Вера Ацева, секретар на III областен комитет на КПМ, — Извори - . . , I/4, 302).

29. „Другарот Јане си имаше адет да гура 'амалски'. Се случуваше по цела недела да биде во движење, одушевен од работа . . . На тоа му обрнавме внимание и му нагласивме да внимава на својата сигурност, да избегава стално трчкање. Ама сега, откако го изгубивме, гледаме оти тоа не било доволно". (Извештај на Б. Талески, секретар на II областен комитет до Д. Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ, од 12. VI. 1944, — Извори., I/4, 406).

30. „Ундисуваме до другата сабота (6 мај, Ѓурѓовден, н.б.) сè што ќе пристане да испратиме". (Извештај на К. Гаврилоски . . . , до Бл. Талески, од 28 април (петок, н.б.) 1944, — Извори . . . , I/4, 312).

31. „За делегати не сум сигурен дали ќе испратиме утре. Чекам одговор од 206 (Повереноство на ЦК КПМ, н.б.). Окупаторот сконцентрира големи снаги и уште продолжува со офанзива на нашата ослободена територијата. Ако е возможно да се испратат, сигурно ќе испратиме". (Извештај на К. Гаврилоски . . . до Бл. Талески, од 2—9 мај 1944, Извори . . . , I/4, 332).

32. „На 1 мај 1944 година добив покана преку партизанскиот курир, која, колку се сеќавам, гласеше вака: 'Да се предаде на 72. Бродски е избран во Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Исто така ќе ја застапува како делегат Бродска околија. Веднаш да се јави на бр. 1. Оттука патува на слободната територија; — Потпис: Јане". (Генади Лешко-Бродски, Мојот живот, Скопје, 1970, 120).

Ова датирање на Лешко, на добиената покана, се чини, е далеку од вистината. Ова особено се однесува на веста дека е избран за член на Иницијативниот одбор на АСНОМ.

Познато е дека Генади Лешко-Бродски и Милан Стефаноски-Подземски беа кооптирани во Иницијативниот одбор на АСНОМ на 30 април 1944 година. (Види: Записник од Првото заседание на проширениот Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ, — Зб. на документи АСНОМ, ИНИ, Скопје, 1964, 113; Док. 267, — Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Универзитет „Кирил и Методиј", Факултет за филозофско-историски науки, Скопје, 1981, т. II, 553).

Според тоа, поради краткиот временски интервал, а и поради конспиративни причини, не е можно споменатата вест дека стигнала до Лешко на 1 мај 1944 година.

Покрај тоа, не одговара на вистината тврдењето на Милан Ристески дека „Лешко се обидел да се поврзе со А. Спиркоски Џемо, но по-

мај 1944 година дојдоа само тројца делегати.[33] Нивно зборно место беше куќата на Коле Николоски-Дебранчето (член на Прилепскиот околиски комитет на КПМ), која беше лоцирана во близина на Соколаната во Прилеп.[34] Во доцните попладневни понеделнички часови[35] во неа пристигнаа Милан Стефаноски-

---

ради провала состанокот бидува оневозможен. Се враќа назад и добива второ писмо". (М. Ристески, Порече низ историјата, Скопје, 1982, 164). Ова тврдење на М. Ристески нема поткрепа во публикуваните спомени на Г. Лешко.

33. Според Лешко требало да стигнат околу 8 делегати.

„Еден од нив бил од с. Тополчани, двајца од Крушево и уште некој од др. прилепски села". (Г. Лешко, op. cit., 122).

Cf. Д. Божиновски, Двајцата од плејадата непобедени, (Сценарио за ТВ документарец), РТВ — Скопје, ракопис, 4, — Копија во Мемоарското одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

Не е јасно зошто Љубе Тренески-Соколот не успеал да се сретне со останатите делегати. Види: Стенографски белешки..., ракопис, Скопје, 25. XII 1956. — Архив на ИНИ, 244.

Навистина, Д. Домазетовски, во биографизираните спомени на Подземски, го споменува и Љ. Тренески. (Д Домазетоски, Подземски, (Битола), 1967, 43). Меѓутоа, Подземски во својот исказ за споменатиот настан е категоричен, не споменувајќи го воопшто Љубе Тренески. (Исказ на Милан Подземски сн. на магн. лента на 23. XII 1981 год. во Битола, — Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОБ — Прилеп).

Според Д. Јованоски-Дабовски, Ристе Чапкуноски сè уште се немал одлучено да замине за АСНОМ. За тоа Дабовски ги известил Круме и Кире на 9 мај 1944 година. (Исказ на Д. Јованоски-Дабовски сн. на магн. лента на 30. XII 1981 г.) — Мемоарско одделение при СЗБ — Прилеп).

Според Раде Спасески (усно кажување, с. Тополчани, јануари 1983 г.) Дабовски пристигнал во с. Тополчани на 7 мај 1944 година во попладневните часови. Тогаш Ристо Даскалот бил на гости во Шелеверци кај ќерка си Мара (го празнувале следниот ден по Ѓурѓовден). Поради тоа го испратиле брат му Љубе да го извести својот татко Ристо Даскалот за состанокот закажан во Прилеп. Ристо Чапкуноски отишол во Прилеп на 9 мај изутрината. Таму, според Радета, бил пресретнат од организирана личност со следниве зборови: „Ристо, немој да одиш, провала е извршена!", поради што Чапкуноски веднаш се вратил во с. Тополчани.

Меѓутоа, според М. Ристески, Ристе Спасески од Тополчани не дошол на состанокот поради тоа што бил задржан во полициската станица во Алинци. Исто така, М. Ристески тврди дека на 9 мај пристигнале во куќата на Мирисалковци уште двајца делегати: Ристо Малче од Бешишта и Методија Апостолоски. (М. Ристески, Народен херој Кире Гаврилоски-Јане, Прилеп, 1968, 91).

Не ни е јасно како М. Ристески дошол до споменативе констатации. Во секој случај, тие се далеку од вистината.

34. Исказ на М. Апостолоски сн. на магн. лента на 30. XII 1981 г., — Мемоарско одделение при СЗБ — Прилеп.
Cf. Г. Лешко, op. cit., 122.

35. 8 мај 1944 година.
Исказ на Методија Апостолоски..., 30. XII 1981 г.;
Исказ на Милан Стефаноски Подземски..., 23. XII 1981 г.;
Д. Домазетовски, Подземски, (Битола), 1967, 43.

Подземски[36] и Методија Апостолоски.[37] Нив ги пречекаа мајката и сестрата на Коле Дебранчето.[38] Таму нив ги посети Ристе Секирчанец.[39] Нешто подоцна дојде и третиот делегат, Генадија Лешко.[40] По зајдисонце таму дојде Александар (Цане) Спиркоски-Џемо, кој потоа претпазливо ги одведе тројцата делегати[41] во куќата на Мирисалковци[42], поточно речено во куќата на вдове-

---

36. Меѓутоа, Милан Костов Стефаноски Подземски во својот исказ тврди дека дошол во Прилеп заедно со Генадија Лешко, во придружба на Коле Дебранчето. (Исказ на М. Подземски сн. на магн. лента на 23. XII 81).

Сепак во една друга прилика, Подземски, наместо Лешко, го споменува Методија Апостолоски. Види: Д. Божиновски, Двајцата од плејадата непобедени, сценарио..., ракопис, 4, СЗБ — Прилеп.

37. Исказ на М. Апостолоски сн. на магн. лента на 30. XII 1981..., СЗБ — Прилеп.

38. „(Коле) беше некаде на терен. Мајка му беше тука и сестра му двете си седеа до сонце да зајде". (Исказ на М. Апостолоски..., 30. 12. 1981 г.)

39. „Дојде Ристе Секирчанчето. Ни донесе една книга еблебии. (Рече:) 'Ајде, занимавајте се...'". (Исказ на М. Апостолоски..., 30. 12. 1981)

40. „Втаса Генадија. Го поздравивме со 'Смрт на фашизмот'. 'Не така, туку со пушка, — рече, слобода на народот!' „(Исказ на М. Апостолоски.., 30. XII. 1981 г.)

Cf. Исказ на Александар Спиркоски-Џемо сн. на магн. лента на 28. XI 1981 год., — Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

Наспроти тоа, Генади Лешко категорички тврди дека тргнал за Прилеп на 6 мај 1944 г. (Ѓурѓовден). Вечерта преноќил во Прилеп кај сестра си Ѓурѓа, која била сосетка на Коле Дебранчето. Лешко истакнуво дека следниот ден, по 13 часот, заедно со К. Дебранчето и А. Спиркоски-Џемо, — отишол во куќата на Мирисалковци, каде што се сретнал со К. Гаврилоски и Кр. Волнароски. Според Лешко, тој заедно со нив преноќил двапати, на 7/8 и на 8/9 мај 1944 година. (Г. Лешко, op. cit., 122—3). Меѓутоа во споменатото сценарио, Лешко не го споменува К. Дебранчето. (Д. Божиновски, цит. ТВ сценарио..., СЗБ, Прилеп, ракопис, 3) На тоа се базира и М. Ристески кога тврди дека Лешко "на седми мај во Прилеп се поврзува со Џемо, кој го однесол во куќата на Мирисалковци". (М. Ристески, Порече низ историјата, Скопје, 1982, 164). Но ете, Џемо, се чини, со право, спомената дата (7 мај) ја негира. (Исказ на А. Спиркоски-Џемо..., 28. XI 1981 г.)

Може да се претпостави дека Лешко навистина стигнал во Прилеп на 6 мај 1944 година, бидејќи за тоа имал и повод (имenден на сестра му). Во таков случај, таму останал два, а не еден ден, односно преноќил на 6/7 и на 7/8 мај 1944 година.

41. „Дојде Милан Подземски, дојде Генадија Лешко, дојде Апостолоски. Сите вечерта кај 8 часот ги однесов во куќата -таму (кај Мирисалковци, н. б.)". /Исказ на А. Спиркоски Џемо сн. на магн. лента на 28. XI 1981, — Мемоарско одделение при СЗБ — Прилеп/.

42. Погрешна е констатацијата дека делегатите и партиските функционери престојувале во куќата на Димко Мирисалкоски. Види:

цот Киро Насков Георгиески, кој тогаш работеше во велешката железничка Ложилница.[43] Неговата куќа се наоѓаше на ул. „Ѓоре Леништанец", бр. 32, во прилепскиот кварт Ѓогдере.[44] Негов прв сосед беше неговиот баџанак, Димко Костоски, родум од с. Никодин, чија куќа се наоѓаше на истата улица „Ѓоре Леништанец", бр. 30[45] Само ниска ограда ги делеше дворовите на двајцата соседи и блиски роднини.[46]

---

Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, кн. 2, 264;

М. Ристески, Народниот херој К. Гаврилоски-Јане, Прилеп, 1968, 91.

Cf. С. Расолкоска — Г. Тренкоски, Предавство, В. Народен глас XXXII/252, Прилеп, 11 мај 1973, 2.

Фактички, настанот се случил во куќата на баџанакот и првиот сосед на Димко Костоски, Киро Насков Георгиевски.

Интересно е потеклото на фамилијарниот прекар Мирисалковци. Бабата на двајцата баџанаци, Марија, имала слабост кон козметички средства, па поради тоа, го добила, на млади години, споменатиот прекар. Интересно е што прекарот се наметнал не само на двете ќерки, Спасија и Јованка, туку и на нејзините зетови, Димко и Киро.

Cf. Разговор со Орде Наскоски (Мирисалкоски) и со сестра му

Благородна Наскоска Трајкоска, — Забележал: Д. Јованоски — Благородна Наскоска Трајкоска, — Забележал: Д. Јованоски — Дабовски на 23. 7. 1982 год., — Мемоарско одделение при СЗБ — Прилеп.

43. Киро Насков Георгиески бил оженет за Јованка (Нонка) Мирисалкоска. Имаат пет деца: Благородна (р. 1919 г.), Орде (р. 1920 ).), Марика (р. 1925 г.), Цветанка (р. 1929 г.) и Пецо (р. 1933 г.).

Во 1943 година, по смртта на мајката Јованка, децата остануваат сираци. Во тоа доба, единствено Благородна (Родна) е мажена во Струмица (1940 г.). Во време на настанот (1944 г.) таткото Киро се наоѓа на работа во Велес (ден. Т. Велес), а неговиот син Орде (тогаш дограмаџија) е мобилизиран во бугарската армија (фактички, го служи воениот рок во Софија). Во куќата останаа единствено малолетните Цветанка и Пецо, надгледувани од нивната тетратка Спасија која се труди да им ја надокнади прерано загубената мајчинска љубов. Единствено, не можевме да утврдиме каде во тоа доба била Марика.

Види: Разговор со Орде Наскоски (Мирисалкоски) и со сестра му, Благородна Наскоска Трајкоска, ракопис, 23. 7. 1981 г., — Мемоарско одделение при СЗБ — Прилеп.

44. Списъкъ на лицата заподозрени въ комунистичка дейность влизащи въ комунистически групи и въ връска съ шумкаритѣ комунисти въ Балкана съ крепко изложение на дейносьта им. — Полицейско комендантство Прилѣпъ, 27 май 1944. Архив на Македонија. ФОНД: Бугарска окупаторска власт, ВПС, к. 25/т. VI

Куќата имаше приземје и кат.

45. Димко Костоски е првоборец, носител на Партизанска споменица 1941, починат. Неговата жена, Спасија, била вистински патрон на малолетниците, бидејќи нивниот татко, Киро, поради природата на неговата работа, не бил во можност да биде често со нив.

46. Разговор со Орде Наскоски..., ракопис, 23. 7. 1982 г., СЗБ — Прилеп.

Споменатиов разговор самоиницијативно го реализира Димче Јованоски-Дабовски. Поради ова, како и поради неговите сугестии и широкоградост, и на овој начин, му ја изразуваме нашата благодарност.

Цане Спиркоски-Цемо, по партиски налог, во споменатава куќа на Киро Георгиески, ги префрли и партиските функционери: Кире Гаврилоски-Јане, член на II обласен комитет на КПМ, и Круме Волнароски-Коле, секретар на Прилепскиот околиски комитет на КПМ.[47]

Така, вечерта на 8 мај 1944 година во куќата на Кире Георгиески беа сместени двајцата партиски функционери и тројцата делегати.[48] По меѓусебните срдечни поздрави[49], Круме Вол-

---

47. Во ТВ сценариото на Д. Божиновски се истакнува дека Цемо ги префрлил Кирета Гаврилоски и Крумета Волнароски во куќата на Мирисалковци во почетокот на м. мај 1944 година. (Д. Божиновски, Двајца од плејадата непобедени..., 3)

Меѓутоа, во својот неодамнешен исказ, А. Спиркоски-Цемо истакнува дека споменатите партиски функционери, тајно ги префрлил вечерта, на 8 мај, од куќата на Василе Цгуре во куќата на Мирисалковци. (Исказ на А. Спиркоски Цемо сн. на магн. лента на 28. XI 1981... СЗБ - Прилеп).

Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата.., кн. 2, 264;

Б. Талески—К. Солунски, Прилепска хроника — НОБ, Прилеп, 1982, 329.

Од друга страна, Милан Ристески тврди дека Јане на 7/8 мај 1944 година пренокувал во куќата на Блага Боцеска. Тој пишува дека Кире Гаврилоски таа вечер останал со Панде Чесноска. Со неа се разделил дури вечерта, на 8 мај, кога со преврзана глава се префрлил во куќата на на Димка Мирисалка! Види:

М. Ристески, Народен херој К. Гаврилоски-Јане, Прилеп, 1968, 91.

Точно е дека Кире Гаврилоски бил заедно со Панде, но не едноденокие, туку неколку денови. Самиот К. Гаврилоски во својот последен извештај до обласниот комитет тоа не го крие: „Овие денови сум заедно со Роза (псевдоним на П. Чесноска, н.б.)." — Види:

Извештај на К. Гаврилоски... до Бл. Талески, од 2—9 мај 1944 г., — Извори..., I/4, 332.

Сепак, не располагаме со поцврст доказ дека тогаш илегалчеле во куќата на Блага Боцеска.

За апсењето на Панде Чесноска и нејзиното бегство од битолскиот затвор види: Боро Митровски, Бугарската и германската документација за настаните во 1943 год. (со посебен осврт на Прилеп и Прилепско), — зб. Прилеп и Прилепско во НОВ, 1943, Скопје, 1981, I, 362—363.

48. Меѓутоа, според Цане Цемо, вечерта на состанок кај Мирисалковци отишол и Миле Стариот. (Исказ на Ал. Спиркоски-Цемо..., 28. XI 1981 г.).

Во ова тешко може да се поверува, бидејќи наскоро почнувал полицискиот час, а Миле Стариот во никој случај не ја поминал ноќта таму.

Според Лешко, вечерта кратко време присуствувал и Коле Николоски — Дебранецот. (Г. Лешко-Бродски, op. cit., 124).

Меѓутоа, исказите на М. Апостолоски и Д. Дабовски говорат дека Коле Дебранчето е тогаш на терен. Cf. Исказ на М. Апостолоски сн. на магн. лента, Прилеп, 30. XII 1981; Исказ на Дабовски..., 30. XII. 1981

Впрочем, на тоа посредно упатува и писмото на Коле Дебранчето — Бојчо од 31 мај 1944 година, во кое ја споменува својата последна средба со Коле и Јане во пладневните часови на 9 мај 1944 година.

Види: Писмо на Бојчо од 31. V 1944 година, ракопис (фотокопија), Архив на Прилеп, инв. бр. 106.

49. Притоа, М. Апостолски им обрнал внимание на безбедноста: „Другари, — реков, ми е страв од пенџерево, ќе нè предадат.

нароски-Коле ги запозна делегатите со претстојните задачи и им даде инструкции за нивна практична реализација.[50]

Воедно, Кире Гаврилоски-Јане ги информира делегатите Подземски и Бродски дека се кооптирани во Иницијативниот одбор на АСНОМ.[51]

Тогаш, Методија Апостолоски го актуелизира прашањето за своето заминување. Како главни адути за своето останување тој ја наведе возобновената рана на ногата[52] и неможното правилно функционирање на базата над своето село за испраќање партизани при евентуално негово отсуство.[53] Разрешувањето на споменатово прашање Круме Волнароски го остави за следното утро.[54] Интересно е да се спомне дека и кај другите двајца делегати постојат дилеми околу нивното заминување. Таа дилема

---

Круме рече: 'Не плашете се, добри се комшииве, цела година сум јас овде'. „(Исказ на М. Апостолоски..., 30. 12. 1981).

Сомнително му станало и на Милан Подземски, кој забележал една млада жена којашто вечерта на 8 мај седела со едно дете пред порта, љубопитно посматрајќи го доаѓањето на делегатите. Подземски тврди дека таа всушност била шпиунката. Меѓутоа Подземски не говори дали тогаш јавно го искажал своето сомнение, односно, дали им обрнал внимание на тоа на Колета и Јанета.

50. „Круме рече: „Знаете што сте дојдени или не знаете." Подземски рече: 'Нешто знаеме, нешто не знаеме'. — '... Вие сте повикани за делегати. Одовде сабајле ќе станите, ќе појдите в участок, ќе извадите открити листови како да одите во Куманово да купувате. Оттаму ќе ве прифати Организацијата, ќе ве преведе в бригада". (Исказ на М. Апостолоски..., 30. 12. 1981 г.)

Cf. Д. Божиновски, Двајца од плејадата непобедени, ТВ сценарио, (Г. Лешко), ракопис..., 4.

Меѓутоа, според М. Подземски, ги информирал Кире Гаврилоски—Јане. (Д. Домазетовски, Подземски, 1967, 43).

51. Cf. Д. Домазетовски, Подземски, (Битола), 1967, 43.

52. „Добро, — реков, колку саати има од Куманово до бригадата? — Круме рече: 'Седум саати има'. — Јас не можам да појдам. — 'Зошто?' — Имам рана на ногата. Со Солунците, кога се тепавме со Австрија (Во Првата светска војна, б.н.) ... Со артилерија сум ранет... Баш сега ми е подновена раната, не можам да појдам. — Овие двајцата, Генадија и Милан, рекоа: 'Море на раце ќе те однесиме!' „(Исказ на М. Апостолоски..., Прилеп, 30. 12. 81).

Според Лешко и Подземски, Кордата го натерал Методија Апостолоски да ги крене ногавиците од пантолоните до колена. Според Подземски, нозете на Апостолоски му биле отечени, а според Лешко, се работело за попуштени вени.

Види: Г. Лешко, Мојот живот, 1970, 124;

Исказ на М. Подземски..., Битола, 23. XII 1981 г.

53. „Круме рече: 'Може курир да те доведе на коњ'. — Е добро, реков, сето тоа, ама јас к'о (га) ќе излезам од дома, кај мене врската, базата ќе се укине'. — 'Оти, рече, тоа, — Нема кој да работи, реков, јас сум тука работникот, врската". (Исказ на М. Апостолоски...., 30. XII 1981).

54. „Гаврилчето рече: 'А бре, ај, — рече, ние од планина земаме војници (партизани, н.б.) ваму, та не болни да праќаме таму!' — На Круметa не му се правеше ќевот. Рече: 'Ај ќе видиме сабајле, утре ќе видиме сабајле.."

кај Ганадија Лешко не е јавно изразена[55], додека Милан Подземски во еден момент на малодушност предлага и тој да остане.[56] Ваквите дилеми на споменативе делегати, инаку храбри луѓе, кои не еднаш во своите села го ставиле својот живот на коцка за ослободителното дело, секако резултираат од стравот пред неизвесноста поради отсечувањето од својата средина во која се посилни и похрабри.

По вечерата[57] и краткиот неврзан разговор делегатите и раководителите отидоа да се одморат.[58] Меѓутоа, поодделните разговори продолжија до длабоко во ноќта. Притоа, посебно љубопитство покажа Круме Волнароски-Коле.[59] Ноќта (8/9 мај)

---

(Исказ на М. Апостолски сн. на магн. лента..., 30. XII 1981 г.). Меѓутоа, според Лешко и Подземски, М. Апостолоски уште вечерта ја напуштил куќата. Подземски истакнува дека Апостолоски заминал во 22 часот, што е неверојатно со оглед на полициskиот час, а и од конспиративен аспект!

Види: Исказ на Подземски..., 23. XII 1981; Г. Лешко, op. cit., 124.

55. „Тогаш, јас се најдов во незгодна положба. Се замислив, што ќе се прави, бидејќи од една страна, тоа е многу поголемо задолжение и поодговорна работа, а од друга страна, дома оставам мајка, жена и 7 деца....

Кога ја добив поканата не можев да се смирам. Две-три ноќи останав без спиење со жена ми Богдана, кроејќи планови како ќе биде и што да прават тие дома без мене". (Г. Лешко-Бродски, op. cit., 120).

56. „... Јас му се жалев дека фамилијава моја не може да издржи, имаме жетва за жнеење. На Крумета му велам, да не одам јас. А тој го извади новчаникот: 'Јас ќе (го) платам сето тоа за тебе!' „(Исказ на Милан Подземски сн. на магн. лента.., Битола, 23. 12. 1981 год.).

57. „Вечеравме тепсиче со ориз, свинско месо. Вечеравме, се напивме по една чаша вино... „(Исказ на М. Апостолоски..., Прилеп, 30. 12. 1981 год.).

58. Изгледа дека пред да заминат да спијат, презеле мерки за безбедност. Така, Г. Лешко истакнува: „Се договоривме, во колку стане нешто, зборно место на сите да ни биде Шаторов Камен. Тогаш мене ми дадоа една бомба од бивша Југославија, а Круме имаше еден пиштол исто од бивша Југославија, со 8 куршуми. Јане имаше пиштол, марка 'Штаер' со 6 куршуми. Тоа беше целото вооружување..." (Г. Лешко, op. cit., 123).

„Ние со Кире Гаврилчето на еден кревет легнавме. И кога легнувавме на креветот изваде Кире еден пиштол, го кладе под глава. Изваде една бомба англиска, ја кладе под глава и рече: 'Веќе сум се одучил од вакви меки постели'. И легнаа." (Исказ на М. Апостолоски сн, на магн. лента..., Прилеп, 30. XII 1981 год.).

59. За тоа сведочи М. Подземски, кој спиел на ист кревет заедно со Круме Волнароски: „И сега, јас колку ќе задремам... Круме Волнаро ќе ме праша мене: 'Пак како беше таму, што стана со партизаните, со партизанката (Милица Лукиќ-Личанка, санитетка од I МКУБ, н.б. — Cf. Жените на Македонија во НОВ, ИНИ, Скопје, 1976, 457), како ја лекувавте, со што ја лекувавте..., за подначалникот бугарски,... за четниците... Тие работи ме прашаше, како оди работата, колку сте в партија таму. Не беше којзнае што..., директни прашања беа тоа". (Исказ на Подземски..., Битола, 23. XII 1981 г.)

М. Подземски истакнува дека на ист кревет со К. Гаврилоски спиел Г. Лешко, а не М. Апостолоски (cf. ф. 54). За жал, Лешко не

ја поминаа релативно мирно.[60] Ништо не ја навестуваше идната драма.

Осамна 9 мај 1944 година. Во куќата на Киро Насков Георгиески беше мошне живо. Уште во раните утрински часови куќата ја напушти Милан Подземски, а еден час по него излезе и Генади Лешко.[61] Тие, од конспиративни причини, отидоа засебно во Полициското командантство[62] со цел да обезбедат открити листови за патување до Куманово.[63] Тогаш Лешко со себе понесе, на молба од Круме Волнароски, писмо со цел да го пренесе во градот.[64] Нешто подоцна, Кордата му соопшти на Методија Апостолоски дека е ослободен од обврската да замине на заседанието на АСНОМ, по кое Апостолоски конечно ја напушти куќата и по кратко задржување во градот се врати во своето

---

споменува ништо за тоа во своите спомени, па бидејќи е сега покоен, не може да се утврди правата вистина. Оттаму ние, при недостиг на непосреден податок (од Лешко, Гаврилоски), ја прифативме верзијата на М. Апостолоски како најблиска до вистината.

60. Изгледа дека К. Гаврилоски таа ноќ бил прилично нервозен. На тоа посредно нè упатува сведоштвото на М. Апостолоски: „Кога беше станал тој не го сетив. Кога станав сабајлето отидов кај Крумета в соба. Кире не го видов повеќе..." (Исказ на М. Апостолоски..., Прилеп, 30. 12. 1981).

61. Г. Лешко-Бродски, op. cit., 124.

62. Прилепското Полициско командантство беше лоцирано во бившата куќа на Шајкара „Отидов... во куќата на Шајкара" (Исказ на М. Подземски сн. на магн. лента, Битола, 23. 12. 1981 г.).

63. „Ко(га) влегов таму — 'Зошто. рече, ти одиш во Куманово?' — Е, му викам, ми се исчезнати воловите, па сакам да купам оттаму волови... 'Па, какво так, и тук има волови!' Викам, таму се надевам поевтинко да ги купам".

(Исказ на М. Подземски..., Битола, 23. XII 1981 г.).

Слична лага за купување вол од Куманово скроил Генади Лешко. Меѓутоа, неговата положба беше покомплицирана, бидејќи беше од друга околија, а што е полошо, имаше извадено открит лист наменет за лекување на бубрези „од Брод, за 10 дена. Но тој гласеше за Битола, Скопје и Софија, и тоа за болница, а за Куманово требаше да се вади открит лист за одење по трговија. Така се договоривме". (Г. Лешко, op. cit., 124).

Евентуална проверка би можела да ја запечати Лешковата судбина. Го спасила неговата ладнокрвност и убедливост, како и наивноста на бугарската полиција.

Cf. Д. Божиновски, Двајцата од плејадата непобедени..., 5.

64. „Пред да заминам за Куманово, уште утрото ми дадоа едно писменце да му го однесам на Коле Дебранчето". (Г. Лешко, op. cit., 125).

Лешко дури тврди дека во писмото пишувало: „Коле, дојди денеска".

Меѓутоа, Коле Дебранчето-Бојчо, кој наппладне имал средба со Круме и Кире, — во своето писмо од 31 мај 1944 година тоа го негира, истакнувајќи: „На 9. V сабајлето му дава другарот Кољо едно писмо на еден од делегатите да го предаде на некој другар". (Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 год., ракопис (фотокопија, Архив на Прилеп, инв. бр. 106).

„... На еден од нив му дале писмо да го предаде на 1 член од С(рески) К(омитет), во кое го викале сиот СК (Околискиот комитет, б.н.) на редовен состанок". (Писмо од М/илан/Благој Талески до ЦК на

село.[65] Освен тоа, познато е дека во претпладневните часови на 9 мај споменативе двајца прилепски партиски раководители, во разни временски интервали, ги посетија: Миле Стариот[66], Димче Дабовски[67] и Коле Дебранчето-Бојчо.[68]

Изутрината, непосредно пред заминувањето на Методија Апостолски, прв дојде Миле Стариот, кој му предаде на Круме Волнароски 3.000 бугарски лева и две рала опинци наменети за делегатите на АСНОМ.[69] По него, околу 10 часот, пристигна Димче Јованоски-Дабовски, член на Прилепскиот околиски комитет на КПМ, кој накратко им реферира на двајцата прилепски раководители за состојбата во доверените партиски реони.[70] Притоа, меѓу другото, ги извести дека Ристе Чупкуноски од Тополчани сè уште се дилеми околу своето заминување за АСНОМ[71], како и за врелата желба на група Далматинчиња уште во бивша Југо-

---

КПМ за подготовките за избирање и испраќање делегати за I заседание на АСНОМ и загинувањето на Круме Волнароски и Киро Гаврилоски од Прилеп, — од 3. VI 1944, — Зборник на документи АСНОМ, ИНИ, Скопје, 1964, 134.).

Категорички може да се тврди дека писмото не е упатено до Дабовски и Бојчо, тогаш членови на Прилепскиот околиски комитет, кои тој ден имаа засебни средби со двајцата партиски раководители. Во секој случај не може да стане збор ни за свикување состанок на Околискиот комитет.

Можно е писмото да било упатено до Љупчо Ацимитрески или до некој друг. Кому му било упатено споменатово писмо ќе остане засекогаш енигма поради смртта на неговиот автор и неговиот несуден врачител.

65. „И поправивме муабети со Крумета. По малку време, сонце разгреано така: Е, реков, Круме што станува со мене. Рече: Бидејќи имаш поголема работа (со базата, б.н.) пак, остани сега, ако е потребно по дватри дена ќе те испратиме; — Добро. Ајде збогум. — 'Збогум'. Излегов. Отидов кај Спасе Велосипетчијата, нешто порачки имав од борците што заминуваа од дома... Излегов од кај него, отидов кај Цанета Цемо на дуќан... Не се видовме, ни со Лешко не се видовме, прибидејќи на участок беа појдени да вадат открити листови. И на Цанета му реков дека останувам јас. Слободна е базата кај мене, врската, останувам, реков. И оттука си заминав“. (Исказ на Методија Апостолоски..., 30. 12. 1981).

66. Исказ на М. Апостолоски..., 30. 12. 1981.

67. Исказ на Д. Јованоски-Дабовски..., 30. 12. 1981.

68. Писмо од Коле Дебранец-Бојчо од 31. V. 1944..., инв. бр. 106.

69. „Сам беше в соба Круме. Правевме муабети така, дојде... му броеше пари. Миле Стариот дојде и донесе пари, пари броеше, железни пари, левови бугарски; опинци донесе две бели рала, сигурно беа за овие што ќе одат таму. Миле ги донесе. Му ги остави. Ги пребројаа парите, си замина Миле“. (Исказ на М. Апостолоски..., 30. 12. 1981). Cf. Д. Домазетовски, Подземски, /Битола/, 1967, 44.

70. Исказ на Д. Јованоски-Дабовски..., 30. 12. 1981 г.

71. Ibidem.

Меѓутоа, според Цане Спискоски-Цемо, Ристе Чапкуноски не заминал поради болест. (Исказ на Цемо... 28. 11. 1981 г.).

Cf. фусн. 33.

славија колонизирани во прилепското село Ново Лагово, што поскоро да заминат во партизани.[72]

Во меѓувреме, двајцата делегати, Подземски и Лешко, откако без проблеми извадоа открити листови, претпладнето го поминаа одделно талкајќи низ прилепската чаршија. Потем тие, секој посебно, свратија во кондурациската дуќан на Цане Спиркоски-Џемо.[73] Околу пладне двајцата делегати се вратија во куќата на Киро Георгиески, и тоа, најпрво Подземски, а по него и Генадија Лешко.[74] Откако набрзина ручаа, двајцата делегати беа снабдени со возни карти, со по 1.500 лева секој и со по едно рало опинци.[75]

Притоа, секретарот на Околискиот комитет Круме Волнароски-Коле му даде на Подземски делегатско полномошно писмо адресирано до Иницијативниот одбор на АСНОМ.[76]

Со оглед на фактот дека возот од Битола пристигнуваше околу 13 часот, делегатите, нешто по 12 часот, се подготвија да заминат. По срдечните поздрави со двајцата прилепски партиски раководители (Коле и Јане), прв тргна кон железничката станица Милан Подземски, а пет минути подоцна и Генади Лешко.[77] Патем, кај чешмата во Ѓогдере, Лешко беше запрен од една млада жена (Вера Ѕвездоска), која се интересираше

---

72. Исказ на Д. Јованоски-Дабовски сн. на магн. лента..., 30. 12. 1981 г.

73. Cf. Исказ на Цане Спиркоски-Џемо..., Прилеп, 28. 11. 1981 г.

74. „Се вратив околу 12 часот, околу пладне" (Исказ на Подземски..., Битола 23. 12. 1981 г.).

Г. Лешко-Бродски, op. cit., 124—125.

М. Ристески во својата кратка брошура за К. Гаврилоски-Јане истакнува: „На состанокот, од сите повикани беа определени само три лица. На избраните делегати Јане им даде писмо и по едно полномошно. Во 10 часот и 30 минути го завршија состанокот. Во куќата останаа уште Јане и Коле" (М. Ристески, Народен херој Кире Гаврилоски Јане, Прилеп, 1968, 91).

Споменативе констатации на Милан Ристески не одговараат на вистината. Впрочем, на крупните слабости на овој труд укажува и Љубен Лапе. Види: Љ. Лапе, М. Ристески, Народен херој Кире Гаврилоски-Јане, Прилеп, 1968, — Гл. на ИНИ, XII/3, 1968, 253—255).

75. Д. Домазетовски нагласува дека тоа биле средства на Месниот комитет на КПМ-Прилеп. (Д. Домазетовски, op. cit., 44) —; Исказ на Подземски..., Битола 23. 12. 1981 г.

Изгледа дека возните карти ги набавил Миле Стариот Cf. фусн. 69.

76. Кај Домазетовски погрешно се спомнува секретарот на Месниот комитет. Всушност станува збор за секретарот на Прилепскиот околиски комитет на КПМ—Круме Волнароски. Cf. Д. Домазетовски, op. cit., 44.

Веројатно полномошното е идентично со писмото на Кире Гаврилоски-Јане од 9 мај 1944 година адресирано до ЦК КПМ. Не е исклучена можноста писмото на Јане да го претставува всушност полномошното за двајцата делегати. Види:

Писмо на К. Гаврилоски, член на II областен комитет на КПМ, до ЦК КПМ од 9 мај 1944 год., — Извори.., I/4, 334—336.

77. Д. Божиновски, Двајца од плејадата непобедени..., ракопис, 6.

78. Г. Лешко, op. cit., 125—126.

за неговиот престој во куќата на Киро Насков Георгиески. Неговото одлучно негирање не успеа да ја разубеди.[78] Тогаш, Лешко забележа дека на нејзин сигнал едно дете бргу се изгуби во тесните сокаци. Тоа му стана мошне сомнително.[79] Се сети за писмото на Круме Волнароски. Го побара, но не го најде. Силна возбуда го обзеде при помислата дека писмото е изгубено во Командантството. Поради тоа, со брзи чекори се упати во дуќанот на Цане Цемо. Успеа да го затекне во последен момент, токму кога Цемо ја заклучуваше вратата од дуќанчето, готвејќи се да појде на ручек.[80] Влегувајќи во дуќанчето, Лешко накратко го информира Цанета за загубеното писмо, за провокативните прашања на жената и за секавичното исчезнување на момчето во сокаците. Поради сето тоа, го замоли Цема итно да ги извести другарите веднаш да ја напуштат куќата поради опасност од провала.[81] Непосредно потоа, Лешко, брзајќи се упати кон прилепската железничка станица каде што го чекаше Подземски. Оттаму двајцата делегати, Лешко и Подземски, некаде околу 13 часот се качија на воз и безбедно отпатуваа за Скопје.[82]

Во меѓувреме, Цане Цемо се качи на еден стар велосипед и набргу се најде во Ѓогдере.[83] Таму ја сретна Спасија Мирисалкоска. Ја замоли итно да им предаде едно писменце на Круме Волнароски и Кире Гаврилоски. Писмото се однесуваше за новонастанатата ситуација со предлог одма да ја напуштат куќата поради реална можност од провала.[84] Веднаш потоа, Цане Цемо наместо да појде дома на ручек, се врати на дуќан, видно растревожен, очекувајќи го прилично напрегнато натамошниот тек на настаните.[85]

---

79. „Да останевте уште малку, — рече, и на детето му мавна со раката. Детето летна да трча. Тоа ми стана некако сомнително". (Г. Лешко). — Д. Божиновски, Двајца од плејадата непобедени..., ракопис, 6.

80. Г. Лешко-Бродски, op. cit., 126.

81. Ibidem.

82. „Околу 13 часот дојде возот од Битола, се качивме и тргнавме во Скопје". (Г. Лешко, op. cit., 126).

83. Д. Божиновски, Двајца од плејадата непобедени..., ракопис, 7.

84. Исказ на А. Спиркоски Цемо..., 28. XI 1981 год.

Cf. Г. Лешко-Бродски, op. cit., 126.

Не е точна констатацијата дека „пред пладнето, врз основа на податоците од известителната служба од МК им дојде порака веднаш да ја напуштат куќата, зашто куќата е поткажана" (Прилеп и Прилепско низ историјата,.. кн. 2, 264).

Известителната служба на МК КПМ во тоа време не знае дека куќата е поткажана. Аларм е даден во врска со „загубеното" писмо. Впрочем, на тоа Цемо се сеќава:

„И го дадов (писменцето) на Спасија од Димка Мирисалка. И таа им го даде нив писмото, не знаејќи ни ние, ни тие, дека оваа Вера сета работа ја свршила". (Исказ на Цемо..., 28. XI 1981 г.).

85. Тоа враќање на дуќан претставува, всушност, среќна околност, бидејќи неговото одење дома на ручек ќе го одведеше в затвор. Нешто

Околу 13 часот Спасија Мирисалкоска им ја пренесе поракатa. Токму тогаш кај нив се затекна Коле Николоски-Дебранец (Бојчо)[86], член на Околискиот комитет. Соопштението за загубеното писмо прилично ги вознемири, бидејќи веднаш се посомневаа да нè паднало во рацете на полицијата. Иако писмото немаше компромитувачка содржина, сепак во него беше назначена точната адреса каде што се наоѓаа[87] Поради тоа тие, во присуство на Бојчо, одлучија денски да ја напуштат куќата и да се префрлат во друг стан.[88] Зошто тоа навреме не го сторија ќе остане засекогаш енигма.[89] Овде е потребно да нагласиме дека писмото за кое сметаа дека е изгубено, не беше изгубено. Подоцна него го пронајде кај себе самиот Лешко во Ку-

---

подоцна ќе дознае дека бугарските агенти ја повеле неговата жена Љуба да им го покаже дуќанот. Нејзиното одолговлечување ќе го спаси од бугарските канџи. Види: Исказ на Џемо..., 28. XI 1981 г.

[86]. Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 г., ракопис (фотокопија), Архив на Прилеп инв. 106.

Меѓутоа, Дабовски истакнува: „Отприлика кај 10 часот јас бев таму, а пред мене бил Коле Дебранец Бојчо... Од терен и тој се враќа. Отишол да реферира пред мене, ама јас не го видов него, не се сретнавме“ (Исказ на Дабовски..., 30. 12. 1981 г.).

Одовде произлегува можноста Бојчо двапати да се сретнал со Волнароски и Гаврилоски, негде пред 10 часот и кај 13 часот. Во секој случај, тој бил со нив во 13 часот кога стигнала порaката од Џемо.

[87]. Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 г..., ракопис, инв. 106.

[88]. „Баш во тој момент се згодив и јас таму, во станот ко(га) му се кажа дека писмото е загинато и тие решија денеска да се префрлат во друг стан, али не знам што ги натера да останат повеќе“. (Писмо на Бојчо..., инв. 106).

[89]. Погрешна е констатацијата изнесена во јубилејниот број на в. Народен глас „Киро и Круме еден на друг чекаа кој прв ќе се произнесе за една таква 'кукавичка' солуција. Заправо, тие одлучија да останат во куќата“. (Прилеп 1944. Календар на поважните настани, в. Народен глас, јубилејно издание, Прилеп, 1964, 10). Cf. ф. 88.

Изгледа дека тие во никој случај не мислеа залудо да го жртвуваат својот живот без поголема потреба, особено кога победата беше на прагот. Впрочем, на тоа нè упатува нивната брза одлука да го напуштат станот — за која дознаваме од писмото на Бојчо од 31 мај 1944 година.

Се чини дека нивното подолго задржување се должи на погрешна проценка. Веројатно сметаа дека писмото, ако беше загубено во Командантството (а тоа беа раните утрински часови), секако полицијата до 13 часот ќе извршеше претрес. Ако пак се нашло во рацете на некој прилепски граѓанин, штом дотогаш не го предал писмото на полицијата, нема ни да го предаде. Од друга страна, познато е дека Круме Волнароски во 1942 година беше казнет со партиска опомена поради брзоплето „променување на станови“. (Список на членови на КП со кратка биографија во 51, — Архив на Македонија. ФОНД: Прилеп 1942—44 г., кут. 21/инв. бр. 4145). Со оглед на тоа, бидејќи немаа цврст доказ дека се провалени, не се брзаа со промената на станот. По логиката на нештата, тие веројатно затоа и го одложија своето заминување за подоцнежните часови, па полицијата ги изненади.

Како и да е, ова се само претпоставки, бидејќи тие тајната за тоа ја понесоа со себе в гроб.

маново.[90] Интересно е што аламот за „изгубеното" писмо сосем случајно коинцидира со предавството на Вера Ѕвездоска.[91] Постои индиција за можно неутрализирање на предавството.[91а]

Беше вторник, 9 мај 1944 година. Во тоа тивко мајско попладне[91б] се одигра познатата трагична драма во прилепскиот

---

[90]. Лешко носел шајачни пантолони и високи чорапи кои над пантолоните ги врзувал. Писмото го ставил во џебот од пантолоните, но како џебот бил скинат, писмото паднало во чорапите. Еве што за тоа си спомнува Подземски: „Шајачни пантолони (носеше). Носеше високи чорапи, горе ги врзуваше. И во чорапите го најдовме (писмото) таму во Куманово. И рече: — 'Еве го, писмото, бре!' ". (Исказ на Милан Стефаноски -Подземски сн. на магн. лента, Битола, 23. 12. 1981 год.).

Во врска со одисејата на писмото, а посебно со начинот на известувањето за „изгубувањето" на писмото, Лешко дава две верзии, веројатно поради грижа на совеста, иако писмото не предизвика никакви негативни реперкусии поради фактот дека всушност не беше загубено. Види:

Генади Лешко-Бродски op. cit., 125—126).
Д. Божиновски, Дваjца од плејадата непобедени..., 6—7.
Cf. ф. 64.

[91]. Аламот за „изгубеното" писмо, гледано од сегашен ракурс, претставува чудесен предзнак кој можеше да ги спаси. Секако, при ваквата констатација се апстрахираме од каква и да е суеверна нота.

[91а]. Така, според сведоштвото на Вера Јорданова Пунтеска, таа дознала за предавството на Вера Ѕвездова некаде околу 11 часот претпладне од Блаже Здравев Рајната, љубовник на сестра ѝ на В. Ѕвездова-Ката.

Според тоа, Вера Пунтеска го коригира својот брат во врска со времето на нејзиното информирање од Блаже Рајната, кое, според К. Пунтески, се случило по загинувањето на К. Гаврилоски и Круме Волнароски (Cf. К. Пунтески, Ние, па ние, а на друг темна дамка!, — в. Народен глас, XXXII/бр. 255, Прилеп, 29. 6. 1973 г., 2).

Ова ја прави реална претпоставката дека доколку Стева Кирова Илиева (секретарка на скоевска група), според сведоштвото на Вера Пунтеска, — презела посериозни мерки за навремено информирање на скоевската и партиската организација, би можеле да бидат ублажени, а можеби и целосно неутрализирани реперкусиите од предавството на Вера Ѕвездова.

(Види: Вера Пунтеска, Податоци, Скопје, 13 јануари 1983 г., ракопис Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп).

Меѓутоа, поради непостоење на конкретни докази, споменатово сведоштво на В. Пунтевска засега само иницира натамошни истражувања за утврдување на вистината.

На размислување нè упатува и кажувањето на Раде Спасески дека татко му, Ристо Чапкуноски бил информиран во Прилеп од засега неидентификувана личност за извршената провала. (Cf. ф. 33).

[91b]. Според повеќемина тогашни современици (Методија Апостолоски-Забрчанец, Димче Јовановски-Дабовски, Александар Ачковски, Раде Спасески и др.) денот бил мошне убав и сончев.

Меѓутоа, според Загорка Гаврилоска, во време на настанот, темни облаци надвиснале над Прилеп. (З. Гаврилоска-Коруновска, Писмото 999 остана непредадено, сп. Стремеж, V, 2, Прилеп, 1959, 27). Нејзиното кажување го потврдува и Вера Пунтеска. (В. Пунтеска, Податоци, ракопис...). На тоа се надоврзува и Александар Спиркоски-Џемо (усно кажување во јануари 1983 год.) Според него, во време на одигрувањето на настанот времето било сончево, но потоа се наоблачило, а во прикве-

кварт Ѓоргдере. Драмата ја иницира Вера Ѕвездоска, конфидент на бугарското Полициско командантство во Прилеп[92], а ја

[92]. Списъкъ секретнитѣ съюзници на полицийата относно агентите на Обласното полицейско управление — Битола и Полицейското комендантстно — Прилепъ (8. Вера Звездова). — Архив на Македонија, Скопје. ФОНД: Федерална комисија на Македонија за утврдување на злосторствата на окупаторот и неговите помагачи, 44/45, к-III/п. 11.

Вера Ѕвездова беше блиска на движењето. Нејзината сестра Ката беше скоевка, другарка на Цветанка Наскова, Вера Пунтева и др. напредни младинки. Вера Ѕвездова во 1944 година беше на 22-годишна возраст. Се омажила многу рано, во 1938 година, за Мино Трајков Здравев, монополски работник. Нешто подоцна се развела. Тоа вешто го искористува бугарската полиција. По нејзин налог, бугарскиот агент Константин Крстев ја презема улогата на Верин љубовник и во април 1944 година ја вплетува во бугарската шпиунска мрежа. Таа признава дека на 9 мај 1944 година испратила „едно момче да го извика Коцета-Костадина Крстев. Тој дојде и јас му кажав дека кај Цветанка имало двајца партизани. Тој ја знаеше куќата на Цветанка..." (Cf. ф. 79).

Вера Ѕвездова истакнува дека по извршеното предавство „ми беше тешко сестра ми да ја затворат и тогаш одма отидов кај Благој Здравев — љубовникот на сестра ми, им кажав дека ги предадов на полицијатаа и ако можат — да побегнат..." (Саслушайне на Вера Звездова, с. Мелница, 28. IX 1944 г., — Архив на Македонија. ФОНД: Воени злосторници, Војни суд Битољске области, м.ф. 1371).

За да се избегне поголема компромитација на В. Ѕвездова, а воедно поедноставно да биде соочена со проваленИте, таа, по наредба на Трендафилов, беше формално уапсена и остана в затвор за целиот период на истрагата (11 мај — 6 јуни 1944 год.). Преку неа, полицијата се обиде да изнуди признанија од проваленИте. Сето тоа ја продлабочи нејзината јавна компромитација, поради што нејзината натамошна дејност во Прилеп ќе беше парализирана. Поради тоа, полицијата ја испрати во Битола, каде лежеше в болница нејзиниот љубовник, агентот Константин Крстев, ранет во борбата на 9 мај. Таму беше наградена од началникот на државната сигурност со 10 иљади лева и вработена во битолскиот монопол за тутун. Научена на лагоден живот ја напушта работата. Меѓутоа, нејзините контакти со бугарската полиција продолжија. Сепак, се чини дека не успеала да нанесе нови штети на револуционерното движење. Во Битола се вљубила во Славе Црнев, жандармериски ковчезник во воената полиција. Во врска со наградата, Славе Црнев ѝ рекол дека 10 иљади лева се „многу малку и дека за такви големи работи во воената полиција се давале по 100 до 200 иљади лева".

Вера Ѕвездова, при обидот да се префрли во Бугарија, во почетокот на септември се задржа во Прилеп. За време на првото ослободување на градот, 9 септември, Вера Ѕвездова е фатена и затворена. Сослушана е на 28 септември 1944 година во с. Мелница. (В. Ѕвездова, Саслушайне..., мф.. 1371) /На споменатиов микрофилм ни укажа м-р Лазар Лазаров, поради што му ја изразуваме нашата благодарност/.

На 12. II 1945 година В. Ѕвездова ја сослушал и судијата истражител при Воениот суд на Битолската воена област, Александар Христов. (Види: Записник од 12. I 45..., мф. 1371).

На 13 февруари 1945 година со решение бр. 432/45 од 13. II 1945 година, Вера Ѕвездова е осудена на смрт од Воениот суд на Битолската воена област.

Со решение бр. 36/45 од Вишиот воен суд—Совет при Главниот штаб на НОВМ, потврдена е смртната казна на Вера Ѕвездова. Оваа одлука ја донесе Вишиот воен суд во состав: Тодор Ѕвездин, претседател, и членови: полковник Панче Неделкоски и Киро Крстески-Платник. Види:

режира самата бугарска полиција. Ненадејно, околу 15 часот[93], бугарски агенти и полицајци, засилени со контингент бугарска и германска војска, го блокираат прилепскиот кварт Ѓоргдере.[94] Во фокусот на нивното внимание беше куќата на Киро Георгиески, на ул. Ѓоре Леништанец бр. 32.[95] Неколку бугарски агенти и полицајци, меѓу кои и агентот Милчо, тропнаа на портата од куќата. Меѓутоа, бидејќи никој не се одѕиваше, тие со свој клуч ја отворија[96] и претпазливо влегоа во приземјето.[97] Дури тогаш пред нив се најде петнаесетгодишната Цветанка Наскова, наизглед буновна поради попладневниот „одмор". Ја натераа да тргне пред нив. Се качија на катот. Собата во која порано беа сместени Коле и Јане беше празна, а прозорецот отворен.[98] Изгледаше дека револуционерите избегале. Меѓутоа, искусните агенти почувствуваа дека е во прашање евтин трик. Поради тоа ја натераа Цветанка да се качи на маса, да го отвори капакот од таванот и да ги повика илегалците да се предадат. Наместо одговор, штама. Залудни беа честите повици од агентите за предавање. Тие просто се стопија во глувата тишина. Тогаш агентите и полицајците, заедно со прилично измалтретираната малолетничка Цветанка Наскова, се повлекоа во приземјето.[99] Откако агентите го исцрпија целокупниот арсенал на убедување за мирно предавање, еден од агентите со истрел од револвер ги провоцира засолнетите револуционери. Овојпат тие конечно се огласија, одговарајќи на огнот со оган.[100] Нивните истрели дефинитивно ги убедија полициските водачи дека се на вистинска трага и на вистински пат да го растурат ова опасно револуционерно гнездо.

---

Решение бр. 36/45 на Вишиот воен суд, Архив на Македонија, Скопје,

ФОНД: Воени злосторници, мф. 1371.

Во пролетта 1945 година Вера Ѕвездова беше ликвидирана за докажаните злодела.

93. Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 г., ракопис.., инв. 106.

Меѓутоа, според Цемо „кај два, два и пол саатот (попладне, н.б.), тука беше". (Исказ на Цемо.., 28. XI 1981 г.).

Дотогаш, според извештајот на Иван, борбата почнала „околу 16 часот" (Извештај на Бл. Талески од 15 мај..., Извори, I/4, 358).

94. Извештај на Бл. Талески од 15 мај 1944..., Извори, I/4, 358;
Писмо на Бојчо од 31 мај 1944..., инв. 106;
Исказ на Цемо..., 28. XI 1981 година.

95. Предавството го изврши Вера Ѕвездоска со точно посочување на куќата во која престојуваа илегалците.

Cf. ф. 92.

96. Не ни е познато дали во прашање бил калауз или дупликат клуч.

97. Списъкъ на лицата заподозрени въ комунистическа дейность..., 27 май 1944 Полицейско комендантство — Прилепъ. Архив на Македонија. ФОНД: Бугарска окупаторска власт. ВПС., к-25/п.VI.

98. Д. Божиновски, Двајца од плејадата непобедени.. (Цвета Наскова), 7.

99. Ibidem, 8.

Овој прелудиј веројатно траел околу 1/2 час.

100. Cf. Д. Божиновски, Idem, 8.

Штом почнаа пукотниците, младата Цветанка стражарно беше префрлена во соседната куќа, кај тетка ѝ, 48-годишната Спасија Костова Мирисалкоска.[101] Покрај тоа, агентите и полицајците што беа во приземјето, се повлекоа внимателно напуштајќи ја куќата. По полициското отстапување, двајцата револуционери, Коле и Јане, заседоа поудобни позиции на првиот кат. Се заврза престрелка. Во почетокот нејзиниот интензитет беше нешто послаб. Тоа, секако, резултираше од желбата на бугарската полиција живи да ги фати двајцата револуционери. Оттаму, во интервалот меѓу две стрелби доаѓаа од бугарска страна примамливи понуди на револуционерите доколку се предадат без борба. Меѓу другото, им беше ветена „служба во Стара Бугарија и (награда, н. б.) по милион лева".[102] Секако дека таквите прозирни лаги не можеа да ги измамат двајцата прекалени револуционери. Затоа нивниот огнен одговор стана многу пожесток, а нивната стрелба попрецизна. И кога на бугарска страна падна првата жртва[103], дволичната игра на бугарската полиција конечно престана. Овојпат таа тргна на брзо, безусловно ликвидирање на револуционерите. Тоа го презеде првенствено со цел да оневозможи околу нивните ликови да се исплете ореол на хероизам, а воедно и да се извлече со помалку сопствени жртви.[104]

Токму тогаш започна последниот чин на големата драма.[105] Куќата беше опсипана со куршуми и запаливи бомби.[106] Во тие морничави мигови револуционерите Коле и Јане се покажаа во сета своја величина. И кога првите пламени јазици почнаа да ја нагризуваат куќата, нивниот отпор не само што не пап-

---

101. Ibidem. Cf. Спискъ на лицата ..., к-25/п. VII.

102. Писмо од Бл. Талески, секретар на II обл. комитет до ЦК КПМ од 3. VI 1944 год.,
— Извори., I 4, 382; Зборник на АСНОМ, ИНИ, Скопје, 1964, 134.

103. За жал, и покрај минуциозното трагање не успеавме да дојдеме до конкретна бугарска полициска документација за споменатиов настан. Веројатно таа документација кај нас во војната е уништена или загубена. Сепак, со сигурност може да се тврди дека таква документација постои во Софија. Овде мислиме, пред сè, на неделните и месечните извештаи испраќани до Министерството за внатрешни работи на фашистичка Бугарија.

104. Претходниов дел на борбата исполнет со убедувања за предавање веројатно траел околу 1 час. Инаку, секакво пролонгирање на ликвидирањето на револуционерите, по нивниот пројавен револуционерен фанатизам, можеше да им донесе само повеќе жртви.

105. Последниот дел од борбата, од фрлањето на запалливи бомби до загинувањето на хероите, според Иван, траел 20 минути. (Извештај на Благоја Талески... од 15 мај 1944.., Извори, I 4, 358).

106. Извештај на Бојчо од 31 мај 1944..., инв. 106;
Писмо на Бл. Талески од 15 мај 1944..., I 4, 358;
Исказ на Цемо..., 28. XI 1981 год.
Можно е полицијата претходно да ги попрскала со бензин темелите на куќата од надворешната страна. Но, за тоа не располагаме со конкретни податоци.

суваше, туку и се засилуваше. Од нивните грла одекнаа револуционерни песни, маршеви[107] и пароли.[108] Ретките сведоци станаа свесни дека присуствуваат на подвиг што ѝ припаѓа на вечноста.[109] На двапати, Круме Волнароски-Коле, со безгранична храброст ги фаќа бомбите на непријателот и ги враќа назад со хомерска сила.[110] Во извикувањето на пароли посебно се истакна Круме Волнароски-Коле. Меѓу другите беа фрлени и следниве пароли:

„Да живеат нашите славни бригади!"[111]; „Да живее НО војска на Македонија!"[112]; „Да живее слободна Македонија во нова Титова Демократска Федеративна Југославија!"[113]; и „Смртта е слатка за слободата!"[114]

Во меѓувреме пожарот се засили. Распламтената кровна конструкција беше готова да падне и засекогаш да ги проголта двајцата револуционери. Соочени со опасноста живи да изгорат, револуционерите почувствуваа дека дошол мигот на саможртва. Круме Волнароски-Коле, согласно својот експлозивен темперамент, реши што поскапо да го наплати својот живот. Тој излета од запалената куќа како фурија, со оружје во рака, небаре сака да го пробие непријателскиот челичен обрач. Во стил на антички јунак зачекори во вечноста. Залп куршуми го покоси на прагот на опожарената куќа.[115] Дотогаш, смртта на Кире Гавриловски-Јане е обвиена со мистерија. Се претпоста-

---

107. Според Бојчо, револуционерите испеале „три маршеви". (Писмо на Бојчо од 31 мај 1944..., инв. 106).

108. За останатите исфрлени пароли види:
Извештај на Благоја Талески од 15. V 1944..., Извори, I/4, 359;
Исказ на Џемо.., 28. XI 1981 год.;
Д. Јованоски Дабовски, Поважни историски настани и места од НОБ и Народната револуција во Прилеп и Прилепско (1941—45) кои треба да бидат одбележани со адекватни спомен обележја., — Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ — Прилеп, ракопис, 1971 г.

109. „И така, (Круме, н.б.) многу други пароли изрекол, на балкон излегол или на пенџере — и целиот народ го гледал од околните згради и улици"

(Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 год..., инв. 106).

„А војникот, кој бил најблизу (бил Македонец) сето ова го слушал, му рекол на некој: 'Па и ние сме живееле кога одиме да ги тепаме овие јунаци!' "(Извештај на Благоја Талески, секретар на II обл. комитет до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија од 17 мај 1944 год..., Извори, I/4, 366).

Еден од сведоците беше и Џемо Cf. Исказ на Џемо.., 28. XI 81 г.

110. Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 год..., инв. 106.

111. Извештај на Бл. Талески од 15 мај..., I/4, 359.

112. Писмо на Бојчо од 31 мај..., инв. 106.

113. Извештај на Бл. Талески од 15 мај 1944.., 359.

114. Ibidem.

115. Писмо од Бојчо од 31 мај... инв. 106.

вува дека го штител Крумета при неговиот пробив, а потоа извршил самоубиство.[116]

Во оваа нерамна борба Прилеп засекогаш загуби двајца свои стамени борци за национална и социјална слобода.

На спротивната, бугарска страна паднаа неколку жртви.[117]

Бугарската окупаторска власт во Прилеп, соочена со евидентниот полет на народноослободителното движење, а со цел да ги смали ефектите од подвигот на двајцата прилепски револуционери, веднаш презеде репресивна акција вперена против прогресивната прилепска младина. Така, во периодот од 9 до 16 мај 1944 година, според Благоја Талески (Иван), беше контролирано секое движење, а на 16 мај беше извршена целосна блокада и претрес на куќите во градот.[118] Апсењето на прогресивните елементи се одвиваше, главно, по две линии. Првата резултираше од денунцијантската улога на Вера Ѕвездоска[119], а

---

116. „Јане не се појави однатре. Сигурно, ние заклучивме дека прво изврши самоубиство, изгоре во станот". (Писмо на Бојчо од 31 мај ... инв. 106).

117. Според Ивана, „отепале и раниле неколку фашисти" (Извештај на Бл. Талески од 15 мај ... I/4, 358);

Според Бојчо, „(Круме) отепува тројца полицајци, еден агент рани, му ги скина нозете". (Писмо на Бојчо од 31 мај ..., инв. 106);

Според Дабовски, Бугарите имале „убиен еден, а двајца ранети". (Д. Јовановски-Дабовски, Поважни историски настани ..., Прилеп, 1971, ракопис).

„И ко(га) појдов јас имаше двајца ранети агенти, ги носеа под мишка". (Исказ на А. Спиркоски-Цемо ..., 28. XI 1981 год.).

Потребно е да се истакне дека „материјали не беа фатени никакви" (Писмо на Бојчо од 31 мај 1944 ..., инв. 106).

Во врска со времетраењето на борбата најреален е податокот што го дава Дабовски дека борбата „траела над 2 часа". Меѓутоа, според Бојчо, борбата „се водеше 3—4 часа" (Писмо на Бојчо од 15 мај., инв. 106) а според Ивана, „борбата траела 4 часа" (Извештај на Бл. Талески до Д. Радосавлевиќ од 12. VI 1944 год..., Извори, I/4, 405)

По загинувањето на двајцата револуционери, со противпожарна кола (според усното кажување на Александар Спископски-Цемо, Прилеп, јануари 1983 година) бил изгаснат пожарот, па голите ѕидови на опожарената куќа станаа неми сведоци на одиграната драма.

Бугарската полиција, под превезот на ноќта, ги пренесе и тајно ги погреба, покрај прилепската река, посмртните остатоци на револуционерите. Види:

З. Гаврилоска, Сеќавање пред и по настанот на 9 мај 1944 година за Кире Гаврилоски-Јане и Круме Волнароски-Коле, ракопис, Скопје, 4 март 1983 год., — Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

118. Извештај на Бл. Талески од 15 (16) мај 1944 ..., Извори, I/4, 359; Прилепска хроника — НОБ, Прилеп, 1982. 331.

119. „После тоа, љубовница на еден ранет агент, за да се 'освети' оти е ранет манукот нејзин, оди в полиција и провалува 20—30 души, што ги знаела како комунисти". (Извештај на Бл. Талески до Д. Радосавлевиќ од 12 јуни 1944, 405); Извештај на Бл. Талески од 3 јуни.., Изв. 381. I/4, Cf. ф. 92.

втората од несвесното прокажување на Вера Томева, тогашна учителка во с. Леништа, Прилепско.[120] Првите апсења уследија веднаш по борбата, во приквечерните часови на 9 мај 1944 година. Тогаш беа затворени Спасија Костова (Мирисалкова) и малолетната Цветанка Наскова.[121] Така, во бугарскиот затвор до 27 мај 1944 година, меѓу другите,[122] се најдоа: „1. Фанија Николова Дамева, 29 годишна; 2. Стевка Јорданова Расолкова, 32 год.; 3. Добрица Јорданова Расолкова, 29 год.; 4. Методи Јорданов Димов, 21 год.; 5. Христо Ангелов Николов, 23 год.; 6. Вера Јорданова Пунтева, 16 год.; 7. Цветанка Кирова Наскова, 15 год.; 8. Љуба Петрова Тошева, 16 год.; 9. Марија Спасова Бошкова, 17 год.; 10. Ѓорѓи Велков Тренков, 20 год.; 11. Трајко Петрев Ацев, 23 год.; 12.Спасија Димкова Костова, 48 год.; 13. Петар Кирилов Насков, малолетен; 14. Зора Славова Трајкова, 17 год.; 15. Добрила Данаилова Илиева, 18 год.; 16. Милка Лазарова Чешларова, 18 год.; 17. Блага Иванова Петрова, 19 год.; 18. Тодорка Цветкова Иванова, 19 год.; 19. Цветанка Јорданова Трајкова, 16 год.; 20. Маријка Томова Најчева, 16

---

120. „Провалата ја направила Вера Томева, учителка во с. Лениште (род. од Прилеп). Истата била во љубовни односи со кметот на селото (од Буг.), кој ѝ се претставувал како напреден и таа му се доверила. Тој ја пријавил на власта". (Извештај на Бл. Талески од 15 мај 1944.., Зборник ВИИ, Београд, 1954, т. VII/3, 177—179; Извештај на Б. Талески од 15 мај . . . , — Извори, I/4, 359).

121. Изгледа дека тогаш било притворено и малолетното братче на Цветанка, Петре (р. 1933 г.), тогаш ученик.

122. Немаме намера да говориме за сите уапсени, малтретирани, осудени и интернирани лица во врска со мајската провала, ниту пак за нивното држење во затворот, бидејќи тоа излегува од рамките на нашата тема.

Поопширно види:

Прилеп 1944. Календар на поважните настани, в. Народен глас, јуб. издан, Прилеп, 1964, 9—11;

Прилепска хроника — НОБ, Прилеп, 1982, 332—333;

Атанас Тасевски, Незаборавни сеќавања, НИО „Ст. збор", Скопје, 1981;

Стенографски белешки од партиската реконструкција во Прилеп 1956, (Стеве Симоница, Неде Ангелоски и др.), Ск, 1956, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје;

С. Расолкоска — Г. Тренкоски, Апсење и мачење, в.Н.глас, XXXII, 253., Прилеп, 25. 5. 1973, 2; Сеќавање на Гога Тренкоски, ракопис, Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

123. Списъкъ на лицата заподозрени въ комунистическа деиность, влизащи въ комунистически групи и въ връска съ шумкаритѣ комунисти въ балкана съ крепко изложение на дейностьта имъ., — Полицейско комендантство, Прилепъ, 27 май 1944 год.. Архив на Македонија, ФОНД: Бугарска окупаторска власт. ВПС, к-25/п. VI.

На списокот се потпишани: в.д. полициски командант Г. Георгиев и началникот на групата на државна сигурност, Георги Трендафилов. За полицискиот апарат во Прилеп и Прилепско поопширно види: Боро Митровски, Бугарската и германска документација за настаните во 1943 (со посебен осврт на Прилеп и Прилепско),

— Зб. Прилеп и Прилепско во НОВ 1943, Скопје, 1981, I, 364—5.

год.; 21. Стевка Јосифова Костова, 15 год.; 22. Спасија Георгиева Шабанова, 19 год.; и 23. Весела Костова Јорданова, 17 годишна"[123] В затвор падна и Загорка Гавриловска,[123a] сестра на Кире Гаврилоски.

Покрај тоа, бугарското Полициско командантство во Прилеп трагаше по следниве лица: „Пандора Атанасова Чеснова, осудена доживотно во отсуство, со пресуда бр. 62 од 26. II 1944 год. Н. ОХ. дело бр. 56/44 год.;. . . Крсте Виданов Митрев, осуден во отсуство на 15 год. со пресуда бр. 61/27. II 44 год. по Н. ОХ. дело бр. 24/44; Петар Миланов Јанев Трипускулев, осуден во отсуство на 7,5 год, со пресуда бр. 61/27. II 44 год. по Н. ОХ. дело бр. 24/44 г.; Кирил Јорданов Пунтев; Александар Цветков Грозданов; Вера Николова Оровчанец; Христо Митрев Николов; Љуба Јорданова Илиева; Благој Христов Здравев; Александар Николов Спиров; Горда Стефанова Лазарова; Катерина Петкова Ацева; Љуба Николова Темелкова; Стефа Кирова Крстева; Перса Миланова Јанева; Трајко Сотиров Марков — сите од Прилеп, се наоѓаат во нелегалност . ."[124] Освен тоа, во врска со случајот на Вера Томева, на сослушување во Прилеп стражарно беа доведени Милка Хаџи Илиоска со својот сопруг — од Скопје и Методија Соколоски-од Севлиево, Бугарија.[125]

Според решението на бугарското Полициско командантство во Прилеп „лицата: Христо Ангелов Николов, Вера Јорданова Пунтева, Цветанка Кирилова Наскова, Љуба Петрова (Прпева) Тошева, Марија Спасова Бошкова, Петар Кирилов Насков, Зора Славова Трајкова, Добрила Данаилова Илиева, Мил-

123a. Загорка Гаврилоска последен пат го виде брата си Кире во јануари 1944 година. (З. Гаврилоска, Последна средба, — в. Нова Македонија, г. X/бр. 2945, недела, 9 мај 1954, 2).

За непредаденото писмо на Кире Гаврилоски поопширно види:

З. Гаврилоска-Коруновска, Писмото 999 остана непредадено, сп. Стремеж, V/2, Прилеп, 1959, 25—28.

З. Гаврилоска беше уапсена помеѓу 20 и 25 мај 1944 година. Полицијата не беше сигурна за смртта на брат ѝ. За тоа придонесе и нејзиното храбро држење и негирање на смртта на Кире. Загорка Гаврилоска беше пуштена од истражниот затвор во приквечерните часови на 7 јуни (среда) 1944 година. Види:

З. Гаврилоска, Сеќавање пред и по настанот на 9 мај 1944 година за Кире Гаврилоски-Јане и Круме Волнароски-Коле, ракопис, Скопје, 4, март 1983 год, Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

124. Списъкъ на лицата заподозрени въ комунистическа дейность. . . Архив на Македонија . . . , к. 25/VI.

125. Извештај на Бл. Талески од 15 мај 1944 . . , Извори, I/4, 359.

М. Соколоски уште од порано бил отпуштен од работа од Севлиево.

Види: М. Соколоски, Осврт на некои активности во 1943 год. и срекавања со К. Јосифовски Питу и Кире Гаврилоски, — Зборник Прилеп и Прилепско во НОВ 1943, Ск, 1981, т. II, 267—275.

ка Лазарова Чешларова, Блага Иванова Петрова, Тодорка Цветкова Иванова, Цветанка Јорданова Трајкова, Марийка Томева Најчева, Стефа Јосифова Костова, Спасија Георгиева Шабанова и Весела Костова Јорданова — се ослободени поради недостиг на податоци (докази, н. б), а некои како малолетни".[126] Меѓутоа, некои од споменативе лица беа повторно затворени и подоцна интернирани во Бугарија.[127]

Покрај тоа, Прилепското бугарско Полициско командантсво со телеграма бр. 575 од 18. V 1944 година побара I Инженериски полк стациониран во Софија -стражарно да го испрати во Прилеп војникот Јордан Кирилов Георгиев Насков.[128]

Ваквата репресивна атмосфера придонесе за делумно парализирање на партиската дејност во градот и околијата. Привремено беа прекинати сите врски со повисоките партиски форуми, поконкретно со ЦК КПМ и со Вториот обласен комитет на КПМ, како и со останатите обласни комитети.[129] Прилепскиот околиски комитет на КПМ прв се обиде да го неутрализира секавичниот удар на бугарската окупаторска власт. Наредниот ден[130], непосредно по настанот, Околискиот комитет одржа состанок во градскиот парк. На состанокот присуствуваа преостанатите тројца членови на Околискиот комитет: Димче Јованоски-Дабовски, Љупчо Аџи-Митрески-Каленски и Коле Николоски-Дебранец (Бојчо). На тој состанок, според Дабовски, во Околискиот комитет беше кооптиран Крсте Крстески. Меѓутоа, не беше избран нов секретар на местото на загинатиот Круме Волнароски-Коле, но беше оставено за тоа да одлучи II областен комитет на КПМ. Беше решено да им се сугерира на сите компромитирани активисти пред власта да преминат во илегалство. Тоа први го направија тие самите. Покрај тоа,

---

126. Списъкъ на лицата..., Архив на Македонија..., 25/VI.

Меѓутоа, потребно е да се истакне дека во полицискиот извештај е фризирана вистината. Така, најголем дел од малолетните, меѓу кои беше и Вера Пунтева, не беа ослободени, туку беа интернирани во Бугарија. Види:

Вера Пунтеска, Податоци, ракопис, Скопје, 13. I. 1983 г., Мемоарско одделение при Општинскиот одбор на СЗБ — Прилеп.

127. Таков е случајот со Цветанка Наскова, која како малолетна „не е изведена на суд, но е интернирана" (Д. Дабовски, Разговор со Орде Наскоски..., ракопис, Општински одбор на СЗБ — Прилеп).

128. Списък на лицата заподозрени..., 25/VI.

129. Извештај на Бл. Талески од 15 мај..., Извори, I/4, 343;

Извештај на Бл. Талески до Д. Радосавлевиќ-Орце од 23. V 1944 г., ...Извори, I/4, 375;

Cf. Извештај на Љупчо Арсов од 14 мај 1944 год. до ЦК КПМ. Зборник ВИИ, Београд, 1954, 176—177.

130. Исказ на Д. Јованоски-Дабовски..., 30. XII 1981 год.

Не е точна констатацијата дека состанокот се одржал „веднаш (истиот ден) по загинувањето.." (Прилеп и Прилепско низ историјата, ... II, 263). Cf. Прилепска хроника — НОБ..., 331

Дабовски беше задолжен да го информира секретарот на Вториот областен комитет, Иван, за моментната ситуација и за преземените мерки за неутрализација на бугарската акција и консолидација на партиските редови. Љупчо Аџи-Митрески Каленски доби задача да подготви леток за споменатиот настан со апел младината да замине во партизанските одреди, а не да гние по фашистичките зандани.[131]

Тие денови дел од компромитираните активисти премина во илегалство, а другиот дел се најде во партизани.[132] По првиот бран на окупаторската репресија повторно беа воспоставени врските на прилепската партиска организација со повисоките партиски органи.[133] Тогаш, по сугестија на Вториот областен комитет на КПМ, за секретар на Околискиот комитет беше избран Димче Јовановски-Дабовски.[134]

Во ова доба, прилепската партиска организација доста скептично се однесуваше кон услугите на некои партиски активисти, кои беа директно поврзани со мајскиот настан. Така, познат е скептичниот однос на Трајко Јорданоски-Сандански (Брко)[135] спрема Миле Стариот.[136]

---

[131]. Исказ на Д. Јованоски-Дабовски сн. на магн. лента..., Прилеп, 30. XII 81.

— Нешто подоцна, слична идеја дава Д. Радосавлевиќ: „Издајте летак за херојску погибију Јанета и Колета!" (Писмо од Д. Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ и Борко Темелкоски, член на ЦК КПМ, до Благоја Талески, секретар на Вториот обл. к-т — од 30. V 1944 год...., — Извори, I/3, Скопје, 1970, 273).

[132]. Меѓу оние што тогаш заминаа во партизани беше и А. Спиркоски-Џемо. Исказ на Џемо... 28. XI 1981 г.

[133]. „Со 105 врска воспоставивме. Всушност, таа не беше прекината, но намерно, за да спречам проширување провала и ваму, ја прекинав привремено" (Извештај на Бл. Талески до Д. Радосавлевиќ од 12. 6. 1944, — Извори, I/4, 404).

[134]. Стенографски белешки од партиската реконструкција во Прилеп 1956, Архив на ИНИ, Скопје;

Исказ на Дабовски..., 30. XII 1981 год.

„Дабовски, член на ОК КПМ. Околу партијата уште од 1937. Осамостоен. Сега најарен во таа околија" (Писмо од Благоја Талески, секретар на II областен комитет на КПМ до ЦК КПМ од 3. 6. 1944 год., — Извори, I/4, 383).

[135]. Според Н. Димовски „до Димче Саботко пак за секретар (на Месниот комитет, н.б.) дошол Трајко Јорданоски-Брко, кој раководел до 10 мај 1944 година, кога бил затворен, мачен и убиен од бугарскиот окупатор". (Наум Димовски, Местен комитет на КПМ — Прилеп, 1941-44, — Зб. Прилеп и Прилепско во НОВ 1943, Скопје, 1981, I/88).

Споменатава констатација е далеку од вистината бидејќи Брко е затворен и ликвидиран дури во јули 1944 година. (Писмо од Бојчо до Орце од 7. VII 1944 год., Архив на Македонија, ФОНД: Прилеп 1942—44, к-21, инв. 1818). Поопширно види:

Прилепска хроника НОБ, Прилеп, 1982, 333—336.

[136]. Миле Стариот често контактирал со Круме Волнароски и Кире Гаврилоски, па и на самиот ден на настанот. Веројатно поради тоа кај

Токму кога бранот на апсења спласна, кон крајот на мај 1944 година в затвор се најде и членот на Прилепскиот околиски комитет на КПМ, Љупчо Аџи-Митрески (Каленски).[137] Во затворот одлично држење, според Ивана (Бл. Талески), имаа Каленски и Љубица Чучуроска-Ирина (Симка), член на II обlastен комитет на СКОЈ.[138]

Тешките последици од мајската провала на Вера Ѕвездоска се огледаа во загубата на врсните револуционери Кире Гаврилоски-Јане и Круме Волнароски-Коле, во бројните апсења, малтретирања, пресуди и интернирања, како и во привремената стагнација на прилепската партиска дејност.[139]

Од друга страна, херојскиот подвиг на двајцата револуционери имаше извонредно благотворно влијание врз благородните чувства на прогресивната јавност, а посебно, на младата генерација поттикнувајќи ја на нови херојски подвизи и зголемувајќи ја нејзината верба во скорешна победа. Оттаму, пар-

---

извесни партиски личности се јавило знатно сомневање спрема него. Поради тоа бил држен на дистанца. (Потребно е да спомнеме дека Миле Стариот го известил Џемо за блокадата, со што, фактички, го спасил од затвор: Исказ на Џемо..., 28. XI 1981 г.) Револтиран, Миле Стариот пишува:

„Еве стана толку време отко(га) стана катастрофата со другарот Корчо и со Гаврила... Сакам да работам како што сум работел со др. Корчо или ако нема доверба партијата во мене, да не работам ич... Делото мое ќе докаже што работев со Корчо и др. другари. Сега, ако сакате, дајте ми врска". (Писмо од Миле Стариот од 25. VI. 1944 год.,

Архив на Македонија. ФОНД: Прилеп 1942—44, к-21, инв. 1821).

Писмово на Миле Стариот, всушност е предизвикано поради отвореното дистанцирање на Сандански (Брко).

137. Сосем е погрешна констатацијата дека Љупчо Аџи-Митрески бил уапсен на „15 јуни" (Прилеп и Прилепско низ историјата.., II, 265).

За мајското апсење на Каленски дознаваме од писмото на Бојчо. Види: Писмо на Бојчо од 31 мај 1944..., инв. 106.

Самиот Љ. Аџи-Митрески истакнува дека бил уапсен „околу 15 мај 1944 г." Види: А. Тасевски, Незаборавни сеќавања, Скопје, 1981, 104.

Изгледа дека поради невнимание паднал во рацете на бугарската полиција околу 23 мај 1944 година. За тоа дознаваме од очигледната алузија на него што ни ја презентира Иван:

„Засега СК (Срескиот, — околиски комитет, н.б.) е од 3 члена. (едниот поради глупост падна, беше 13 дена илегалец, после мислеше оти 'нема нишло' и татко му ја 'наредил', па си излегол без одобрение". (Извештај на Благоја Талески, секретар на Обласниот комитет на КПМ до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија — од 12. VI 1944 год.., Извори, I/4.405)

Cf. Извештај на Бл. Талески од 15 мај... I/4,344.

138. Извештај на Благоја Талески, секретар на Вториот обlastен комитет на КПМ до ЦК КПМ од 19. VIII 1944 година.., Извори, I/5, Ск., 1975, 192.

139. „По убиството на Јанета во Прилеп мислам дека работата оди слабо. Мислам дека ќе треба таму да се испрати некој појак кадар".

(Извештај на Цветко Узуновски, член на ЦК КПМ до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ — од 28 јуни 1944 г., — Извори, I/3, Скопје, 1970, 325).

Cf. Извештај на Бл. Талески од 19. 8. 1944..., Извори, I/5, 191.

цијално, резултира масовниот прилив на прилепски младинци во партизанските редови.

Секако, најтешка беше загубата на двајцата видни револуционери, по вокација комунисти: Кире Гаврилоски-Јане и Круме Волнароски-Коле.[140]

Посебно болно одекна загубата на Јане во повисоките партиски органи, а посебно во Вториот областен комитет на КПМ, пред сè, поради сјајните организаторски способности и вонредните човечки особини на Кире Гаврилоски-Јане.[141] Со оглед на фактот дека бугарскиот окупатор не успеа да пронајде во згариштето на опожарената куќа покрупни телесни останки од К. Гаврилоски, сред народот со метеорска сила се прошири фамата дека Кире е жив. Таа фама, во еден момент го опфати дури и Ивана (Благоја Талески)[142] и неговите најблиски соработници.[143] Има во тоа крупна симболика за непобедливоста на револуционерот, за нескршливоста на родољубот, за бесмртноста на херојот.

Не помала беше загубата на Круме Волнароски-Коле, чија популарност и авторитет во градот и околијата, во прилепската чаршија, се граничеа со омиленост на народен трибун. За тоа, секако, придонесе и неговата херојска смрт. Не залудно неговото име предизвикуваше респект и кај бугарската окупаторска власт.

---

140. „Народот цели недели прикажувал за херојството на обајцата" (Извештај на Благоја Талески, секретар на Вториот обласен комитет на КПМ до Добривое Радосавлевиќ, инструктор на ЦК КПМ во Македонија, од 12 јуни 1944 година ... — Извори, I/4, 405).

Потребно е да се истакне дека во последните недели пред смртта односите помеѓу Коле и Јане беа сосема нормални, па дури и одлични, што не беше случај порано, пред сè, поради некои негативни црти во Колевиот карактер, кои, според Јанета, беа: своеглавост, славољубивост и несамокритичност. Cf.

Извештај на К. Гаврилоски, член на II обл. комитет на КПМ до Бл. Талески, секретар на II обл. комитет на КПМ, — од 20. IV 1944 г., Извори, I/4, 293—294;

Извештај на К. Гаврилоски .. од 1 мај 1944 г., Извори, I/4, 324.

141. „И такви руководиоци, како Јане, кад осете тешку ситуацију треба да изађу на терен и оданде руководе, а не по сваку цену излагати се удару непријатеља. Требали сте Јането раније повући". (Писмо од Д. Радосавлевиќ ... до Бл. Талески од 30. V 1944 г., Извори, I/4, 272).

142. „За Јанета воопшто ништо не знам ... Тие ништо не ми јавија за Јанета. Ако е жив, тогаш јави му да се поврзи со нас. Нека се обидат преку домашните на Лена (Вера Оровчанец, н.б.) Можеби ќе успее!" (Извештај на Бл. Талески, секретар на II обл. комитет на КПМ — до Полномошството на ЦК КПМ во Скопје, од 23 јули 1944 год., — Извори, I/5, 1975, 85).

За ширење на фамата дека Кире Гаврилоски е жив секако придонесол фактот дека на згариштето на изгорената куќа била најдена само една коска. „Во Паркот на Револуцијата, на Могилата денес, како посмртни останки, закопана е само една коска. Ја најдовме во пепелот на изгорената куќа" (Ружа Москова-Гаврилоска, — А. Тасевски, Незаборавни сеќавања, 1981, 70).

Подвигот на Кире Гаврилоски-Јане и Круме Волнароски-Коле претставува наследство за иднината. Тие не ја дочекаа слободата, но забродија во иднината. Нивниот саможртвен чин е вклесан во грандиозниот мозаик на македонската мартирологија. Нивното дело е вградено во новата македонска република која е вплетена во федеративниот венец на социјалистичка Титова Југославија. Нивниот импонзантен подвиг припаѓа на ризницата на напредното човештво.

Dimitar DIMESKI

## THE ACCOMPLISHMENT OF KIRE GAVRILOSKI AND KRUME VOLNAROSKI, 1944

(Summary)

During the distinguished Spring offansive, and the preparations for the First session of the Antifascist Assembly of the National Liberation of Macedonia (ASNOM), there took place in Prilep the self-sacrificing drama of Kire Gavriloski-Jane and Krume Volnaroski-Kole. Their heroic accomplishement moved the more progressive section of Macedonians and greatly annoyed the occupying Bulgarian power.

The house-breaking in May of Vera Zvezdovska, resulted in the loss of the distinguished revolutionaries Kire Gavriloski-Jane and Krume Volnaroski-Kole; numerous imprisonments, maltreatment, sentences and internments, as well as a tepmorary stagnation of the Party's activities in Prilep. On the other hand, the heroic accomplisment of the two revolutionaires had a noble influence on the progressive section of Macedonians, especially among the younger generation, which was inspired for new heroic accomplishments and firmly believed in the forthcoming victory. Hence, partially this resulted in a mass enlistment of the Prilep youth in the partisan formations.

---

143. „Во твсето писмо прочитав ... дека Јане е се јавил оти е жив. Ако е верно, арно ќе биде". (Писмо од Ратка Крстевска-Ивановска, член на II обл. комитет до Бл. Талески, секретар на II обл. комитет, —од 4 август 1944..., —Извори, I/5, 144);

„Пиши за Јанета. дали е салам, оти да не е само 'жив е, тој, жив е; Голем ќеф ми дојде ко(га) прочитав, ама никако не верувам. Како може така да биде!" (Извештај на Пенко Здравкоски, член на II обл. комитет до Благоја Талески, секретар на II обл. комитет на КПМ, од 8. VIII 1944 год., —Извори, I/5, 1975, 163);

Каква е таа работа со 'Жив е, тој, жив е...' за Јане! „(Извештај на Трајче Грујовски, член на II обласен комитет до Вториот обласен комитет на КПМ, од 28 август 1944 г., — Извори, I/5, 234).

The accomplishment of Kire Gavriloski-Jane and Krume Volnaroski-Kole can be considered as a heritage for the future. They did not wait for the liberation, however their names ware significant for the future. Their self-sacrificing action has become an integral part of the heroic mosaic of the history of the Macedonian martyrs. Their contribution is inbuilt in the new Macedonian Republic which is linked to the federal garland of Tito's socialist Yugoslavia. Their magnificent accomplishment forms a part of the treasury of the progressive section of manking.